## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Сто дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 февруари 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 124-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Крстевски, Ќенан Хасипи, Рафет Муминовиќ, Благој Голомеов, Петар Апостолов, Никола Груевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани, Али Ахмети, Фазли Велиу, Абдилаќим Адеми и Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да ме информираат колку пратеника се потпишани на листата.

Бидејќи се потпишани 33 пратеника, тоа значи дека стана пракса, стандард, продолжуваме во 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,31 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега имаме 72 пратеника потпишани.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Благодарам, во салата се присутни сега за сега 63 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, претсдателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет.

Пратеникот Каме Петров, предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот на Македонската радио-телевизија и Предлогот на одлуката за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот за радиодифузија.

Заради рационалност пратеникот Каме Петров ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го извршиме за секој од нив пооделно.

Повелете господине Петров имате збор.

**Каме Петров:** Благодарам,

Почитуван претседателе, согласно роковите што течат утврдени со Законот за радиодифузна дејност ("Службен весник на Република Македонија" број 100/2005) денеска има итна потреба да ги донесеме одлуките за огласување, за објавување на јавен повик на овластените предлагачи за утврдување на составите на Советот за радиодифузија како и за составот на Советот на Македонската радио телевизија.

Јавните повици ќе бидат објавени во јавните медиуми.

Итната и недоложна потреба произлегува од Законот, а е заснована врз Деловникот на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на пратеникот Каме Петров Предлогот на одлуката за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот на Македонската радио-телевизија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеника 59 гласале од кои 56 за, нема воздржани, 3 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров Предлогот на одлуката за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот за радиодифузија да биде разлгедан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни гласале 59 од кои 57 за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за судските такси.

Предлогот на Владата ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Предлогот за измени и дополнување на Законот за судски такси произлегува од потребата овој законски текст да се усогласи со веќе донесениот ни стапен на сила и применуван Закон за парнична постапка. Законот за парнична постапка почна да се применува од почетокот на оваа година иако формално стапи на сила на 29 декември 2005 година, посебно во оној дел на одредбите кој се однесува на одговорот на тужби. Согласно Законот за парнична постапка сега се предвидува задолжително доставување на одговор на тужба од страна на странките и сметаме дека треба да се направат измени на Законот за судски такси за да се ослободат тужените странки од плаќање на судска такса за одговор на тужба плус се предвидени два нови вида на тужби и во Законот

треба да се предвиди обврската за плаќање на судска такса.

Значи, неопходно е, бидејќи Законот за парнична постапка веќе се применува за да не предизвикува проблем примената на законот во пракса да се направат измени и дополнувања на Законот за судски такси, токму затоа е предложено по итна постапка да се разгледува.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 61 за, нема воздржан, 2 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија побара Собранието итно да ги разгледа Предлогот за донесување на закон за Судскиот совет на Република Македонија, Предлогот за донесување на закон за судовите, Предлогот за донесување на закон за прекршоците и Предлогот за донесување на закон за управните спорови, заради запазување на роковите за донесување на овие закони утврдени во уставниот закон за спроведување на амандманите од XX до XXX на Уставот на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата од итно разгледување на предлозите за донесување на овие закони.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** По усвојување на уставните амандмани потребно е да се направат измени односно да се донесат нови закони како што е Законот за судовите, Законот за судски совет, Законот за прекршоци, за управни спорови за да може реформите во правосудството навистина и дефакто во пракса да се имплементираат.

Постоењето на уставните амандмани без законски текстови навистина не значи операционализација на уставните амандмани и токму затоа заради исполнување на стратешката цел на Република Македонија за членство во Европската унија и НАТО и потребата за остварување на преземените обврски за спроведување на ефикасни и континуирани реформи во судството базирани на европските стандарди, потребно е што побрзо да се донесат овие законски текстови за да може во пракса да се имплементираат, секако да бидат усогласени со уставните амандмани.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Гласањето за дополнување на дневениот ред на оваа седница со овие предлози на акти ќе го извршиме одделно за секој од нив.

Предлогот дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот за донесување на закон за Судскиот совет на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 54 гласале за, 2 воздржани, 9 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот за донесување на закон за судовите го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 55 за, 2 воздржани, 9 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот за донесување на закон за прекршоци го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 53 за, нема воздржан, 10 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот за донесување на закон за управните спорови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 57 за, 1 воздржан, 9 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Законодавно-правната комисија предлага на оваа седница да се разгледаат Барањето за давање автентично толкување на членот 62 од Законот за Градот Скопје, поднесено од градоначалникот на општина Кисела Вода; барањето за давање автентично толкување на членот 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, поднесено од пратеникот Ангел Димитров и Барањето за давање автентично толкување на членот 121 став 1 алинеја 1 од Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Охрид.

Претседателот на Законодавно-правната комисија ќе ги образложи сите предлози заедно, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив поодделно.

Повелете госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе,

Предлагам дневениот ред на оваа седница да се дополни со Барање за автентично толкување на член 62 од Законот за град Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 55/2004) поднесено од градоначалникот на општина Кисела Вода.

Барање за давање автентично толкување на членот 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 70/1994), и натаму до 46/2002 со сите измени, поднесено од пратеникот Ангел Димитров и Барање за давање автентично толкување на член 121 став 1 алинеја 1 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" број 51/2005), поднесено од градоначалникот на општина Охрид.

Итноста ја образлагам со следното: по овие закони се остваруваат многу права и за да се отстранат непрецизностите и дилемите околу

примената на овие закони, предлагам овие барања да бидат ставени и разгледани на оваа седница. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на Комисијата Барањето за давање автентично толкување на членот 62 од Законот за Градот Скопје, поднесено од градоначалникот на општина Кисела Вода да биде разгледано на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, 65 за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата Барањето за давање автентично толкување на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, поднесено од пратеникот Ангел Димитров да биде разгледано на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 62 за, нема против, нема воздржани.

Констатирајм дека предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата Барањето за давање автентично толкување на членот 121 став 1 алинеја 1 од Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Охрид да биде разгледано на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пртеника, 61 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Соња Лепиткова, Киро Дојчиноски, Спиро Мавровски, Љупчо Јордановски и Хусеинџевад Хусеини предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Кон Предлогот за донесувње на законот се приклучија уште 73 пратеника.

Предлогот за донесување на законот ви е доставени.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итноста овој предлог за донесување на закон да биде разгледан на оваа седница.

Има збор госпоѓа Лепиткова.

**Соња Лепиткова:** Благодарам господин претседателе, почитувани колеги пратеници,

Како што и вие кажавте во барањето оваа точка да се стави на денешната седница на дневен ред предлагачите на законот го даваат ова барање поради тоа што од заклучокот на Јавната трибина која беше одржана на 5 декември минатата година на која учествуваа повеќе од 200 претставници од владини институции и претставници од Парламентот на Република Македонија како и претставници на организации, фондации, невладини организации произлезе потребата од донесување на законска регулатива со која би го опфатила донирањето и спонзорирањето во областа на културата, образованието, науката и спортот.

На таа трибина се појде од тоа дека причина за донесување на закон за донации, спонзорства во јавните дејности е во самиот факт што до сега во Република Македонија не постоеше законска рамка која би ги регулирала прашањата на донациите и спонзорствата, а законското регулирање сметаме дека би овозможило вклучување на граѓанскиот и бизнис секторот во решавање на овие исклучително важни општествени проблеми и потреби со што ќе може на некој начин да се дополни финансиската поддршка на културата, образованието, науката и спортот, а при тоа да се олесни патот на Република Македонија кон евроинтеграциите земајќи во предвид кое е значењето на овие дејности во развојот на Република Македонија како земја која е мала по својата големина и по бројот на жители и следејќи го патот на останатите земји со слични амбиции и слични состојби кои ги направија тие чекори во тој поглед.

Од тие причини овој Предлог на закон од тогаш натаму интензивно работевме групата пратеници во соработка со поголем број експерти и самата поддршка која ја добивме од 73-те пратеници се доволна причина за донесување на овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Доволна причина да се стави на дневен ред, а дали ќе се донесе, тоа е веќе друго прашање.

Предлогот на пратениците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 65 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Пратеникот Каме Петров предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови на Охрид, Битола, Кочани и Велес.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Го молам пратеникот Каме Петров да ја образложи итноста на Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор пратеникот Каме Петров.

**Каме Петров:** Благодарам претсеедателе,

За денешната седница на Собранието на Република Македонија предлагам дневниот ред да се дополни уште со точките за огласување на избор на судии во одделни судови во државата.

Како што рековте станува збор за основните судови во Охрид, Битола, Кочани и Велес.

Итната потреба не само што произлегува од Деловникот на Собранието на Република Македонија, туку и од потребата овие функции на време да се огласат, а потоа и да се изберат.

Затоа мислам, дека ние како Собрание на Република Македонија треба на време да ги

донесеме овие одлуки, роковите на време да течат, а судовите исто така на предлог на Републичкиот судски совет на време да се екипираат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратеникот Каме Петров го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 60 гласале за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Марјан Ѓорчев, Михајло Георгиевски, Ванчо Стаменков, Аднан Ќахил и Ефтим Манев предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за неодржливата економска и социјална положба на производителите на грозје од реколтата 2005 година.

Информацијата е поделена.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итноста оваа Информација да биде разгледана на оваа седница. Господине Ѓорчев, повелете.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани дами и господо пратеници,

Итноста на оваа Информација најдобро ја докажаа лозарите во Република Македонија со протестите во Кавадарци и пред Владата на Република Македонија. Меѓутоа, со жалење можам да констатирам дека една слична ваква Информација пред 4 месеци, околку надминување на блокадата на Винарската визба "Тиквеш", доколку Собранието ја разгледаше и ги усвоеше заклучоците, можеби до ова немаше да дојде.

Информацијата има за цел да укаже дека во услови на глобализација на светските пазари, Република Македонија при агресивните настапи на сите други земји кои произведуваат вино, пред се големите конкуренти, прекуокеански: САД, Чиле, Австралија, па и земјите од Европската Унија применуваат силни мерки за зајакната државна интервенција, како пазарни интерценции со буџетски средства, така и извозни рефундации. При таква состојба во лозарството и винарството во Република Македонија е неконкурентно, винанрските визби пропаѓаат, а лозарите се доведени на работ на сиромаштијата. Оттука е јасно дека во една ваква трудо интензивна стопанска гранка, земјоделството во целина, одделно лозарството и винарството, нужна е рамнотежа при распределбата на економската моќ што се создава на пазарот да биде корегирана со инструментите на државата, а тоа е секогаш со помош на буџетски средства.

Впрочем, во оваа Информација се содржани и поединости како тоа го прави Европската Унија за своето вино, големите земји од Европската Унија: Франција, Шпанија, Италија, Португалија, на кој начин ги решаваат проблемите и на кој начин го помагаат својот лозарско-винарски комплекс, а исто така и земјите од соседството ки што ги помагаат своите виногорја и извозот на своето вино.

Во таа насока Информацијата содржи 4 заклучоци. Првиот заклучок е дека Собранието и препорачува на Владата да изготви ребаланс на Буџетот. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓорчев, ние не водиме материјална расправа. Тоа ќе водиме одкако ве молам итноста да ја образложите, па ако е итно, веднаш да го ставиме на гласање. Ако ја читате, ние ја прочитавме, заклучоците исто така ги прочитавме. Еве ги, пред мене на маса. Вие треба да ја образложите итноста. Материјална расправа ќе водиме кога ќе дојде на дневен ред, ве молам.

**Марјан Ѓорчев:** Материјална расправа нема да водиме затоа што ќе го одбиете предлогот, ама лозарите ќе гледаат кој гласал за, а кој против.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратениците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

71 гласале, 66 за, 2 воздржани, 3 против.

Констатирам дека Предлогот на пратениците е усвоен.

Господинот Ѓорчев згрешил кога кажа дека нема да се гласа, тој мислел дека нема да дојде на рапсрапва.

(џагор во салата)

Идат многу точки кои се многу битни, во секој случај не сте во право господине Ѓорчев. Еве, изгласавме да биде на дневен ред.

Според тоа, за денешнава седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог за избор на претседатели на основните судови во Берово, Велес, Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Прилеп, Радовиш, Ресен, Скопје II -Скопје, Крива Паланка, Виница и Кичево;

2. Предлог за разрешување на судии во Основниот суд во Прилеп;

3. Предлог на одлука за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот на Македонската радио телевизија;

4. Предлог на одлука за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот за радиодифузија;

5. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Охрид, Битола, Кочани и Велес;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за привремен увоз Истамбулска конвенција, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за уредување на меѓусебните имотно правни односи, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за донации и за спонзорства во јавните дејности;

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси;

10. Предлог за донесување на закон за Судскиот совет на Република Македонија ;

11. Предлог за донесување на закон за судовите;

12. Предлог за донесување на закон за прекршоците;

13. Предлог за донесување на закон за управните спорови;

14. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за финансиска полиција;

17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство, со Предлог на закон;

18. Барање за давање автентично толкување на член 62 од Законот за Град Скопје, поднесен од градоначалникот на општина Кисела Вода;

19. Барање за давање автентично толкување на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, поднесен од пратеникот Ангел Димитров;

20. Барање за давање автентично толкување на член 121 став 1 алинеја 1 од Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Охрид;

21. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за средно образование, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трансформација на птретпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за заштита на насилства во семејството;

25. Предлог на Декларација за извинување на жртвите од репресијата од режимот во периодот од 1945 година до 1990 година и

26. Информација за неодржлива економска и социјална положба на производителите на грозје, реколта 2005 година.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред.

Господине Андов повелете.

**Стојан Андов:** Господине претседателе,

Со посебно писмо испратив Информација за состојбите и настаните во Кавадарци во врска со неисплатата на грозјето, со Предлог на првата наредна седница, тоа значи на оваа седница да биде уврстена.

**Љупчо Јордановски:** Сега сум информиран дека вие баравте за прва наредна. Оваа веќе беше свикана, а вие не баравте дополнување на дневниот ред од оваа седница.

**Стојан Андов:** Не, на оваа, на оваа.

**Љупчо Јордановски:** Еве, писмото можеме да ви го поделиме.

**Стојан Андов:** Ова е прва наредна.

**Љупчо Јордановски:** Не е прва наредна, оваа беше свикана. На оваа седница требаше да побарате, според членот 66 да биде ставена.

**Стојан Андов:** Јас ги консултирав службите, тие ми објаснија дека така треба да напишам

**Љупчо Јордановски:** Еве, секретарот така ми говори. Првата наредна ќе биде друг пат.

Во секој случај Информацијата ако е тука, ќе ја поделиме. Имате право да го дополните дневниот ред.

**Стојан Андов:** Еве, предлагам да биде на оваа седница, да се дополни дневниот ред.

**Љупчо Јордановски:** Информацијата е поделена одамна, тоа значи дека сега можете.

**Стојан Андов:** Да, да барам да биде во дневниот ред.

**Љупчо Јордановски:** Штом се добива, веднаш се дели.

**Стојан Андов:** Пратениците ја имаат добиено.

**Љупчо Јордановски:** Само да ми донесат, да го кажам точниот назив, да можам да го ставам на гласање.

**Стојан Андов:** Нека ви ја донесат, ќе чекаме.

**Љупчо Јордановски:** Да немаше информација не ќе можевме да дополниме.

(пратеници бараат спојување на оваа точка со точката 26 од предложениот дневен ред)

Според Деловникот, ако тематиката е иста ние можеме да водиме расправа и по двете информации, односно точки. Но, ова сега е по деловникот.

Гимолам службите веднаш да ја донесат Информацијата што е поделена пред недела и повеќе. Благодарам.

Господинот Стојан Андов предлага Информација со наслов за најновите настани во општина Кавадарци поради откупеното а неисплатеното горзје да се стави како точна на дневен ред од денешната седница.

Деловнички се е во ред, Информацијата ја имате, на 18-ти е уште испратена.

Ве повикувам да гласаме.

65 пратеници гласале, 58 гласале за, 5 воздржани, 2 против.

Констатирам дека Предлогот на господинот Стојан Андов е усвоен.

Затоа, како точка 27 ќе ја гледаме Информацијата за најновите настани во општина Кавадарци поради откупеното а не исплатено грозје.

Дали уште некој бара збор во врска со ова? (никој)

Бидејќи нема никој, предложениот дневен ред го ставам на гласање, со ова дополнување.

Ве повикувам да гласаме.

72 пратеници гласале, 66 гласале за, нема воздржани, 6 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Дали во врска со редоследот некој бара збор? Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претсердателе,

Јас предлагам, ако добро ве слушав претседателе, точките 10, 11, 12 и 13 во кои станува збор за Предлог за донесување на закон за судски совет , закон за прекршоци, закон за судови, закон за управен спор, како и точката 14 за измена и дополнување на Законот за јавни патишта да бидат точки 23, 24, 25, 26 и 27, односно да бидат последни.

Сега ќе ви кажам и образложение:

Овие закони, почитувани колеги, почитуван претседателе ги добивме да не речам пред 4-5 дена. Сите добро знаеме што со нив се регулира и сите добро знаеме дека тие се последица на оние уставни амандмани што ги усвоивме во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи станува збор за сериозна материја, материја од која што зависи реформата во судството, за што сме зеле обврски пред меѓународната заедница да излеземе со закони што навистина ќе бидат добри, а со оглед на фактот да времето кое што ни беше поделен материјалот не е онака деловнички, како што е пропишано, најмалку 10-15 денови пред почетокот на седницата и со оглед дека се искористи членот 66 став 2 од Деловникот да дневниот ред се дополни по барање за итност, а како ние, како пратеници немавме многу време да влеземе со еден сериозен пристап кон анализата на овие закони, ниту пак имавме време да дадеме некој поконструктивен приод, од тие причини предлагам овие точки да бидат последни точки во дневниот ред како што кажав. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Да го дефинирам предлогот, точките 10, 11, 12, 13, не знам зошто и 14 . . .

(дофрлање од место дека има потреба)

Да, но образложението не одговара за точката 14. . .

(дофрлање од место)

Добро, предлогот е да бидат последни точки, значи сегашниот дневен ред кој има 27 точки да бидат тие последни, да бидат точки 23, 24, 25, 26 и 27.

Предлогот е легитимен, деловнички.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

69 гласале, 36 за, 2 воздржани, 31 против.

Со тоа констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господине Караџоски, повелете.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе,

Согласно Деловникот, а бидејќи гласањето, 5- поточно 4 гласови фалат за да ова добие мнозинство, предлагам да преминеме на поединечно гласање.

**Љупчо Јордановски:** Дали има поддршка од 10 пратеници?

(пратениците креваат рака)

Благодарам, ќе преминеме на поединечно гласање, бидејќи фалат точно 5 до 40.

Секретаре, повелете.

Молам, да се затворат вратите, никој да не влегува ниту да излегува, да поминеме на поединечно гласање.

Затворете ги вратите, а секретаре, повелете.

**Александар Новакоски:**

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ - отсутен

РАФИС АЛИТИ - отсутен

ИВАН АНАСТАСОВСКИ - против

СТОЈАН АНДОВ - за

АНА АНДОВА - против

БОРКО АНЃЕЛКОСКИ - против

ПЕТАР АПОСТОЛОВ - отсутен

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ - против

ЈУСУФ АРИФИ - отсутен

ТЕУТА АРИФИ - отсутен

СЛАВЕ АРСОСКИ - против

ФАТМИР АСАНИ- отсутен

АЛИ АХМЕТИ - отсутен

ЉУПЧО БАЛКОСКИ - за

НАЗМИ БЕЌИРИ - нема право сега влезе

НАТАША БИКОВСКА - против

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ - против

САШО БОГЛДАНОВСКИ - отсутен

СИЛВАНА БОНЕВА - за

ВЕСНА БОРОЗАН - против

ЉУБЕ БОШКОВСКИ - отсутен

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ - отсутен

ФАЗЛИ ВЕЛИУ - отсутен

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ - против

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА - против

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ - отсутен

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ - за

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ - против

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ - против

ТОМА ГЛИГОРИЈЕВСКИ - воздржан

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ - отсутен

СЛАВИЦА ГРКОВСКА - против

НИКОЛА ГРУЕВСКИ - отсутен

НАЗЛИЕ ДАУТИ- против
ЗАМИР ДИКА - отсутен
АНГЕЛ ДИМИТРОВ - против
КИРО ДОЈЧИНОСКИ - против
САШО ДОХЧЕВ - отсутен
ВАНЧО ЃОРГИЕВ - против
ДРАГАН ЃОРЃИЕВ - против
МАРЈАН ЃОРЧЕВ - за
АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ - отсутен
ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО - за
ЦВЕТАНКА ИВАНОВА - отсутен
ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА - отсутен
ИГОР ИВАНОВСКИ - против
ВЛАДО ИЛИЕВСКИ - против
ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА - против
АДНАН ЈАШАРИ - отсутен
ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ - за
НИКОЛА Б. КАМЧЕВ - против
ЖАРКО КАРАЏОСКИ - за
САШКО КЕДЕВ - за
ДОБРЕ КЕКОВСКИ - против
ИЛИЈА КИТАНОСКИ - за
МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА - за
БОРИС КОНДАРКО - против
ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА - против
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ - за
ЗОРАН КРСТЕВСКИ - отсутен
РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА - отсутен
СОЊА ЛЕПИТКОВА - за
СПИРО МАВРОВСКИ - за
ЈАНИ МАКРАДУЛИ - против
ЕФТИМ МАНЕВ - за
РУЖДИ МАТОШИ - отсутен
ЉУПЧЕ МЕШКОВ - за
БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА- против
МИЛКА МИТКОВСКА - за
ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ - против
РАФЕТ МУМИНОВИЌ - отсутен
НЕЖДЕТ МУСТАФА - влезе дополнително
СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ - за
ЏЕВДЕТ НАСУФИ - отсутен
ПЕТАР НАУМОВСКИ - отсутен
МИТЕ НИКОЛОВ - против
ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ - за
ГЗИМ ОСТРЕНИ - отсутен
ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ - дополнително влезе
ВЛАДО ПАУНКОВ - против
АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ - отсутен
РИСТО ПЕЈОСКИ - за
БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ - против
ТИТО ПЕТКОВСКИ - за
КАМЕ ПЕТРОВ - против
ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА - отсутна
КОСТА ПРЕШОСКИ - против
ИСМЕТ РАМАДАНИ - отсутен
ЕСАД РАХИЌ - дополнително влезе
КАРОЛИНА РИСТОВА- отсутен
ЕЈУП РУСТЕМИ - против
СЕЛВИЈЕ САЛИУ - против
ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА - за
ГАЈУР САРАЧ - отсутен
АЦО СПАСОВСКИ - против
ИЛИЈА СРБИНОВСКИ - за
ВАНЧО СТАМЕНКОВ - отсутен
СЛАВИЦА СТАНКОВСКА - за
ИВАН СТОИЉКОВИЌ - против
БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ - отсутен
НЕЛКО СТОЈАНОСКИ - за
ТАСИМ СУЛЕЈМАНОСКИ - дополнително влезе
МЕНДУХ ТАЧИ - отсутен
ЗОРАН ТОМИЌ - против
РОЗА ТОПУЗОВА- КАРЕВСКА - отсутен
ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ - отсутен
ТОМЕ ТРОМБЕВ - против
АДНАН ЌАХИЛ - за
НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ - против
АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - за
ИЛЈАЗ ХАЛИМИ - отсутен
СЕМИЈАЛ ХАСАНИ - против
ЌЕНАН ХАСИПИ - отсутен
ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ - отсутен
СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ - отсутен
АГИМ ЏЕЛИЛИ - против
ЗИДИ ЏЕЛИЛИ -за
ДРАГО ШАЈНОСКИ - за
ИСНИ ШАЌИРИ - отсутен
ЏЕЗАИР ШАЌИРИ - отсутен

**Љупчо Јордановски:** Почитувани пратеници од 72 пратеника кои гласале, 29 гласале за предлогот, 42 против, и 1 воздржан.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господине Караџоски повелете процедурално.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, од името на пратеничката група, бараме еден час пауза, значи максимумот, заради консултација, да изградиме став како воопшто да се однесуваме по оваа седница.

За нас, не е разбирливо однесувањето на парламентарното мнозинство, а имајте предвид дека се овие закони за кои што треба да се изгради консензус.

Според тоа, инсистирам да го одобрите максималмниот рок од еден час пауза, за да

изградиме став како да се однесуваме по оваа седница.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, ќе ми дозволите другите коментари по дневниот ред да ги поминам, потоа ќе имаме изгласан дневен ред и ќе видиме дали ќе имаме измени, а потоа ќе дадам еден час пауза.

Господине Зоран Томиќ имате ли коментари во врска со редоследот?

Повелете да го чујам предлогот.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, предлагам Предлогот за донесување на закон за Републичкиот судски совет, Предлог за донесување на закон за судовите, Предлог за донесување на законот за прекршоците и Предлогот за донесување на закон за управните спорови, да бидат точки 6, 7, 8 и 9 од дневниот ред.

Едно кратко образложение. Сосема спротивно од сето она што го говореше колегата Караџоски, со сето почитување, сакам да појаснам дека станува збор за прва фаза на донесување на ваквите закони и ќе има сосема доволно време за сите предлози, размислувања и така натаму.

Лично сметам дек аиако крајниот рок е јуни, добро е што побрзо да ја поминеме првата фаза, како сите оние неопходни консултации и договарања би имале што повеќе време и ние како Собрание и Министерството за правда. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема да направам коментар, само не ја гледам разликата за две точки понпред, посебно за еден закон кој што со 83 пратеника е предложен, а Парламентот во секој случај е пред Владата, претпоставувам и ќе биде брзо поминат дека две места понапред нешто значи. Но во секој случај предлогот го ставам на гласање.

Значи, точките 10, 11, 12 и 13, да бидат сега 6, 7, 8 и 9.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

61 пратеник гласале, 41 за, 3 воздржани, 17 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Господине Ѓорчев повелете.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине претседателе, мојата деловничка интервенција се однесува на точките 26 и 27, кои што се инфорамции во врска со проблемите на Лозарско-винарскиот комплекс, да бидат првите две точки, со оглед на итноста на оваа проблематика и проблемите со кои се соочуваат лозарите и винарите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот е последните две точки да бидат први две точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 22 гласале за, 3 воздржани, 42 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господине Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Јас по електронската опрема гледам дека нема веќе други предлози и пред да дадете пауза, сакам само да известам, процедурално јавувам, дека закажаното продолжување на седницата на Постојната анкетна комисија, се откажува, бидејки не е неопходно денес да се одржи во набиени временски услови, затоа што сега е поместен редоследот и не е итно. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема повеќе пријавени, констатирам дека изменетиот дневен ред, со овие поместувања на четирите закони, во врска со уставните амандмани за две места понапред, ќе го добиете во текот на паузата од еден час.

Објавувам пауза од еден час.

(Пауза од 13,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 13,30 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по првата точка.

**Минуваме на првата точка - Предлог за избор на претседатели на основните судови во Берово, Велес, Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Прилеп, Радовиш, Ресен, Скопје II - Скопје, Крива Паланка, Виница и Кичево.**

Предлогот за избор ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Јован Чичаковски да биде избран за претседател на Основниот суд во Берово.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Јован Чичаковски да биде избран за претседател на Основниот суд во Берово, пред да го ставам на гласање, ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

57 пратеници се присутни во салата.

(Во салата влегуваат неколку пратеници)

Сега во салата се присутни 62 пратеника.

Бидејќи сега се присутни 64 пратеници, предлогот Јован Чичаковски да биде избран за претседател на Основниот суд во Берово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, гласале 57 пратеници, 56 пратеници гласале за, 1 воздржано и нема против.

Констатирам дека Јован Чичаковски е избран за претседател на Основниот суд во Берово.

Отворам претрес по Предлогот Шевшет Адеми да биде избран за претседател на Основниот суд во Велес.

Молам, кој бара збор?

Господиго Бонева, имате збор, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе,

Да не остане нејасно зошто пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не гласа по точката на дневен ред, морам да напомнам дека ова Собрание и парламентарното мнозинство и најголем дел од пратениците изгласаа уставни амандмани со цел да се оттргне судството од очигледната партизација и да направиме основ за независно судство.

Во моментот, во Собранието на Република Македонија веќе имаме пакет на закони од областа на судството, со кои треба да се поставаат основите за независно судство. Ако е така, а во тоа се убедени најголем дел од пратениците, за мене е несфатливо, како и за нашата пратеничка група, како и понатаму забрзано се продолжува да се партизира судството, се брза да се поставаат точки на дневен ред, да се пополни секое место во судството, па дури и претседателите на судовите.

Од тие причини, го повикувам парламентарното мнозинство и сите оние кои ги поддржаа уставните амандмани, бидејќи самите тие потврдија дека вистина е дека има партизација во судството и дека со новите уставни промени и со новите закони од областа на судството и Судскиот совет ќе се овозможи да имаме независно судство, тогаш нека го почитуваат тоа и да не брзаат да ги пополнуваат понатаму судството со партизирани кадри. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ, имате збор, повелете.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе.

Не можам да останам рамнодушен на дискусијата на мојата колешка Силвана Бонева, бидејќи не само што зборува невистини туку дефинитивно мора да знае дека е една од оние кои не гласаа за уставните амандмани кои ни беа премногу потребни за донесување, да знае дека веќе подолго време немаме претседатели на судови ниту во Берово, ниту во Велес, ниту во Гевгелија, ниту во Кавадарци, ниту во Неготино, ниту во Прилеп, ниту во Радовиш, ниту во Ресен. Што треба сега? Денес се изборивме конечно да дојде пакетот на законите и да бидат на оваа седница. Треба ли да чекаме сега уште 6 месеци, дали се прашува колешката како тие судови функционираат, дали се во состојба нормално да функционираат и да ги извршуваат своите работи.

Ја молам и опозицијата и парламентарното мнозинство да влезат во положба на сите судови, бидејќи граѓаните, народот оди на суд за да ја оствари својата правда, а не тука да врши политизација на судството токму преку вакви дискусии. Мислам дека сосема не е во ред и дека целата поставка по Предлогот на сите претседатели на судови трае, а тука е и претседателката и може да каже, сигурно 5-6 месеци.

Од тие причини, апсолутно не можам да ја сфатам дискусијата на колешката.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, бидејќи ова беше реплика, имате една минута контра реплика.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Очигледно колегата не слушнал што кажав. Јас не зборувам невистини, јас го кажав она што се случуваше во Собранието на Република Македонија, вие парламентарното мнозинство и голем дел од пратениците од опозицијата ги поддржаа уставните амандмани со една единствена цел - да обезбедат независно судство, значи без партизација, без да биде вклучено ниту парламентарното мнозинство, ниту сегашниот Републички судски совет. Тоа беше моето кажување.

А за тоа дали работат во моментот судовите онака како што треба, колку што сум информирана, има в.д. претседатели, нормално функционираат судовите и не оди тоа на штета на граѓаните, туку може да оди на штета на граѓаните и натамошната партизација на судството. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлагачот се јави за збор.

Повелете госпоѓо Софрониевска.

**Ленче Софрониевска:** Само едно појаснување. Денес на седница на Собранието е Предлогот за избор на претседатели на судови. Републичкиот судски совет согласно Уставниот закон за спроведување на амандманите на Уставот на Република Македонија е надлежен за разрешувањето на кадровските прашања во судовите до конечното донесување на законот за Судскиот совет на Република Македонија и законот за судовите.

Републичкиот судски совет апсолутно постапува согласно законот и Уставот, а доколку ова Собрание сметало дека треба да му престане мандатот на Републичкиот судски совет, тогаш тоа требаше Собранието да го утврди во Уставниот закон. Значи, не прифаќаме никакви приговори и забелешки за партизација на судството, дотолку повеќе што на денешната расправа пред Собранието е избор на претседатели на судови, а претседателите на судовите се избираат исклучиво од редот на судиите на матичните судови каде што се врши изборот.

Од тие причини, како Републички судски совет не можеме да прифатиме престанување на функцијата по барање на било кој пратеник, туку постапува согласно Уставниот закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Краљевски, имате збор, повелете.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе.

Во името на пратеничката група на ВМРО-Народна партија сакам да го образложам ставот зошто учествуваме во гласањето и во работата на овој Парламент.

Точно е дека учествувавме во донесувањето на уставните промени што се однесуваат на

судството, точно е дека гласаме принципиелно секогаш за предлозите на Републичкиот судски совет, а против гласаме само тогаш кога имаме дебело образложение зошто да бидеме против. Овој став сум го искажал претходно и сакам да напоменам до сите пратеници и до граѓаните на Република Македонија дека ВМРО-Народна партија секогаш ќе биде за изградба и дефиниција на институциите на системот и за ред во државата, секогаш кога тоа е во согласност со Уставот и со позитивните законски прописи. Ние не сме за дестабилизација со повикување на предвремени избори, со оставање на државата без Парламент во одреден период, ние сме за изградба на институциите на системот, вклучително и на судовите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Ова ќе го сфатам како ваше објаснување за паузата која што ја баравте од половина час.

Господине Флоровски, ве молам во врска со точката, односно предлогот за избор на судии.

**Александар Флоровски:** Ќе бидам краток, како и секогаш. Некогаш правам и исклучоци, зависно од темата.

Не сакам да се сомневам во она што го предлага Републичкиот судски совет, но секогаш по природа сум сомничав и кога бев во позиција и сега од позиција на опозиција, што всушност и не е лоша работа, човек да излезе како пратеник и да праша што ни се случува во судството.

1996 година имавме една интересна појава - мала дигресија претседателе, многу кратка - каде што без присуство буквално на опозицијата, тогаш се повлековме од изборите, беа избрани околу 600 судии, а од кои редови беа и кои беа тие луѓе не сакам да коментирам. Меѓутоа, факт е дека Парламентот работеше без присуство на опозицијата, значи присутни беа само пратениците од позицијата, изгласаа она што го изгласаа, беа поставени луѓето кои беа поставени, а како работеа не сум компетентен да кажам. Сметам дека вие сте покомпетентни и тука не би сакал да мешам баби и жаби.

Сакам да укажам на една друга работа. Имено, мојот личен сомнеж дека се врши, ако можам така да кажам со еден нов термин кој што го измисли СДСМ кога ние владеевме дека ВМРО ДПМНЕ во тој период го партизира судството, буквално се партизира, па ќе се послужам со истиот термин. Имам чувство дека повторно ни се случува она што ни се случуваше во минатото.

Луѓето не ги познавам, судиите не ги познавам, можеби грешам, да не си ставам грев на душата, но поддршката од мнозинството од денешната позиција ми говори дека тие на некој начин припаѓаат на владеачката гарнитура, или ако не припаѓаат , ќе чувствуваат макар тронка морална обврска кон тие луѓе што ги избираат, во случајот коалицијата на СДСМ, ДУИ и ЛДП. Така ги гледам работите, така ги разбирам, што не значи дека мора да бидам во право. Но сомнежот секогаш ќе постои затоа што се слушаат гласови, се слушаат дисонантни тонови овој припаѓа на оваа партија, тој припаѓа на таа партија, претседателот на Републичкиот судски совет е наклонет кон СДСМ - тоа се муабетите кои ги слушаме тука во кулоарите, што не мора да значи дека е така. Јас не сум човек кој работите ги прифаќа од муабети, но дека постои сомнеж дека македонското судство, и покрај сите декларации и покрај сето она што значи наш заеднички напор судството да го департизираме, ако можам така тоа да го наречам, работите некако тешко ни одат. Работите ни одат по онаа македонска изрека "турни ме да кинисам".

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, три минути поминаа, тоа е доволно време за дигресија, зборувајте за кандидатот.

**Александар Флоровски:** Уште 30 секунди. Јас не го знам кандидатот и неблагодарно е да коментирам за луѓе што не ги познавам.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е точка на дневен ред господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Јас мислам дека грото од луѓето не го знаат кандидатот, затоа што е предложен од Републичкиот судски совет, а би требало да го знаат.

Значи останува сомнежот во намерите дека ни се подметнуваат "кукавички јајца", не дека тие припаѓаат на политичка партија, туку утре, ако биде изгласан, односно денес ако биде изгласан ќе има кај него некоја обврска кон политичката партија која го гласала. Тука постои сомнеж кај мене и во таа смисла, да ви кажам искрено, избегнувам да гласам "за" или "против", ќе се воздржам од сите предлози за кандидатите што се предлагаат, поради тоа што не ги познавам, не го знам квалитетот на луѓето и не сакам за тоа да говорам, но бидејќи предлогот и поддршката доаѓа од СДСМ, од таа причина ќе гласам воздржано.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот не е од СДСМ, туку од Републичкиот судски совет.

**Александар Флоровски:** Добро, ние некако работите ги поистоветуваме и јас реков дека можеби грешам тука, да не си ставам грев пред Бога, моите размислувања се такви како што овде ги изнесов.

**Љупчо Јордановски:** Мирно да спиете, јас мислам дека грешите.

Господине Аднан Јашари, барате збор или реплика? (Збор)

Повелете господине Јашари, имате збор.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател.

Според мое мислење и според биографијата што е доставена од страна на предлагачот или од страна на Републичкиот судски совет се гледа јасно дека се говори за кандидат кој искуството го има стекнато во целиот свој живот во судската власт од неговото дипломирање до денешен ден. Тој се уште работи во Основниот суд во Велес. Станува збор за Шевшет Адеми, кандидат кој е предложен за претседател на Основниот суд во

Велес. Во моментот, како што реков веќе, работи во овој суд како судија.

Од неговата биографија може да се констатира следново: станува збор за лице кое речиси ги поминало сите кривични, цивилни и граѓански области и слободно можам да констатирам дека има решено многу спорови,  многу предмети, за што јас и парламентарната група на која припаѓам цениме дека е кандидат кој заслужува да биде избран за претседател на овој суд.

Затоа, ќе гласаме за овој предлог. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Шевшет Адеми да биде избран за претседател на Основниот суд во Велес го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 58 пратеници гласале за, 3 воздржано и нема против.

Констатирам дека Шевшет Адеми е избран за претседател на Основниот суд во Велес.

Отворам претрес по предлогот Марица Аврамчева-Зафирова да биде избрана за претседател на Основниот суд во Гевгелија.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Марица Аврамчева-Зафирова да биде избрана за претседател на Основниот суд во Гевгелија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 67 пратеници, гласале 60 пратеници, 59 пратеници гласале за, 1 воздржано и нема против.

Констатирам дека Марица Аврамчева-Зафирова е избрана за претседател на Основниот суд во Гевгелија.

Отворам претрес по предлогот Лазар Нанев да биде избран за претседател на Основниот суд во Кавадарци.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Лазар Нанев да биде избран за претседател на Основниот суд во Кавадарци го сатавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои 64 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Лазар Нанев е избран за претседател на Основниот суд во Кавадарци.

Отворам претрес по предлогот Лазар Ризов да биде избран за претседател на Основниот суд во Неготино.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Лазар Ризов да биде избран за претседател на Основниот суд во Неготино го сатавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои 63 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Лазар Ризов е избран запретседател на Основниот суд во Неготино.

Отворам претрес по предлогот Љубен Биноски да биде избран за претседател на Основниот суд во Прилеп.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Љубен Биноски да биде избран за претседател на Основниот суд во Прилеп го сатавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои 65 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Љувен Биноски е избран за претседател на Основниот суд во Прилеп.

Отворам претрес по предлогот Ангел Диманов да биде избран за претседател на Основниот суд во Радовиш.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Ангел Диманов да биде избран за претседател на Основниот суд во Радовиш го сатавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои 63 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Ангел Диманов  е избран за претседател на Основниот суд во Радовиш.

Отворам претрес по предлогот Љубица Саламовска да биде избран за претседател на Основниот суд во Ресен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Љубица Саламовска да биде избран за претседател на Основниот суд во Ресен го сатавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, од кои 67 за, 2 воздржан, нема против.

Констатирам дека Љубица Саламовска е избрана за претседател на Основниот суд во Ресен.

Отворам претрес по предлогот Бекир Шаини да биде избран за претседател на Основниот суд во Скопје II-Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Бекир Шаини да биде избран за претседател на Основниот суд во Скопје II-Скопје го сатавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои 64 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Бекир Шаини е избран за претседател на Основниот суд во Скопје II-Скопје.

Отворам претрес по предлогот Славица Ѓорѓиевска да биде избрана за претседател на Основниот суд Крива Паланка.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Славица Ѓорѓиевска да биде избрана за претседател на Основниот суд во Крива Паланка го сатавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои 65 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Славица Ѓорѓиевска е избрана за претседател на Основниот суд во Крива Паланка.

Отворам претрес по предлогот Васка Петрова да биде избрана за претседател на Основниот суд во Виница.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Васка Петрова да биде избрана за претседател на Основниот суд во Виница го сатавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои 65 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Васка Петрова е избрана за претседател на Основниот суд во Виница.

Отворам претрес по предлогот Мира Анѓелеска да биде избрана за претседател на Основниот суд во Кичево.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мира Анѓелеска да биде избрана за претседател на Основниот суд во Кичево го сатавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои 65 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Мира Анѓелеска е избрана за претседател на Основниот суд во Кичево.

**Минуваме на точката 2-Предлог за разрешување на судии во Основниот суд во Прилеп.**

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Надежда Момировска да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Прилеп.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Надежда Момировска да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеници, од кои 65 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Надежда Момировска е разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Прилеп поради исполнување на услови за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот Борис Чергоски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Прилеп.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Борис Чергоски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеници, од кои 60 за, 1 воздржани, нема против.

Констатирам дека Борис Чергоски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Прилеп поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Минуваме на точката 3-Предлог на одлука за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот на Македонската радио телевизија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници од кои 54 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот на Македонската радио телевизија.

**Минуваме на точката 4-Предлог на одлука за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот за радио дифузија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни околу 70 пратеници, 59 гласале, 58 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот за радиодифузија.

**Минуваме на точката 5-Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Охрид, Битола, Кочани и Велес.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеника гласале, 62 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Повелете господине Анастасовски, барате збор процедурално.

**Иван Анастасовски:** Согласно член 74 став 2 од Деловникот барам точката 12-Предлог за донесување на закон за донации и за спонзорство во јавните дејности да биде точка 6.

Ова го предлагам затоа што овој закон заслужува поддршка од над 80 пратеници и врз основа на член 74 став 2 барам поддршка од 10 пратеници за овој предлог. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Тоа значи ако се усвои вашиот предлог следната точка би требало да биде точката 12.

Предлогот на господинот Анастасовски, точката 12 да биде следна точка, односно точка 6, која би ја разгледале по паузата.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 66 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Значи следната точка после пауза ќе биде Предлог за донесување на закон за донации и спонзорство во јавните дејности.

(Објавувам пауза до 15,00 часот).

(Пауза од 14,00 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15,03 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

**Минуваме на точка 6 - Предлог за донесување на закон за донации и за спонзорства во јавните дејности** Предложен од 84 пратеника.

Предлогот за донесување на законот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Лепиткова, повелете.

**Соња Лепиткова:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, причина за донесување на закон за донација и спонзорства во јавните дејности се состои во самиот факт што досега во Република Македонија не постоеше законска рамка која што ги регулираше прашањата на донациите и спонзорствата. Законското регулирање по нас би овозможило вклучување на граѓаните и бизнис секторот во решавање на важните општествени проблеми и потреби со што би можеле да поттикнеме и овозможиме на некој начин и економски развој на државата во поглед ако преку дополнителна поддршка ги мотивираме вработените во културата, образованието, науката и спортот и притоа го олесниме и патот кон евроинтеграциите. Зошто го зборувам тоа и таа поврзаност, затоа што и во излагањето за поставување на точката на дневен ред образложив дека многу земји, односно по примерот и на останати земји кои што имаат лично устројство како Република Македонија вакви законски проекти беа донесени со оваа цел, бидејќи претставувањето на културното богатство, можноста на развој на науката, образованието и останатите јавни дејности овозможуваат на овие земји да можат во процесот на евроинтеграциите многу полесно да го изодат тој пат. Покрај тоа со горе споменатата регулатива би биле опфатени и организациите од јавен интерес, а исто така и потребата овој закон со дирекни одредби да ги регулира даночните поттикнувања од различни даночни закони, како што е Законот за добивка, Законот за персонален данок на доход, Законот за данок на имот и Законот за данок на додадена вредност. Свесни за неповолната економска состојба во која се наоѓаат културата, спортот, образованието и науката во нашата држава, а која состојба сметаме дека има можност да се надмине со алтернативни додатни извори на средства, се појави потребата од неопходноста за законско регулирање на поттикнување на даночни поттикнувања во процесот на спонзорирање и донирање во јавните дејности. Со овој закон сметаме дека ќе се делува и во правец на усогласување на македонското законодавство со одредени европски и светски трендови кои што се сé поприсутни во последно време и при изготвување на самиот законски текст, Предлог законот, ние користевме такви компаративни искуства и се водевме од законските предлози, односно законите кои што како такви веќе функционираат речиси во сите земји во регионот освен во Република Македонија. Ова сакам посебно да го истакнам и Република Српска. Сите останати земји во регионот, па и пошироко ја имаат регулирано оваа материја со закон. Така

што би сакала да предочам дека во одредени европски земји како што е на пример Германија има посебен закон за донации со кои што компаниите можат да побаруваат даночни изземања до 5%, меѓутоа сакам да потенцирам дека доколку тие донираат и спонзорираат во образование, наука и култура како еминентни области, тогаш имаат и уште додатно ослободување. Во Унгарија тоа е уредено со тоа што таму имаат и одредени кредитни олеснувања, како и во Турција. Така што сметаме дека и тоа беше поттикот дека навистина треба да донесеме закон со кој што ќе ја уредиме оваа материја.

За оваа наша иницијатива предлагачите на законот добија поддршка на повеќе од 80 пратеници и морам да потенцирам и да се заблагодарам на сите пратеници кои што го поддржаа Предлогот за донесување на закон од сите политички партии на Собранието. И во тој прилог на потребата дека постои политичка сообразност за донесување на закон како од претставниците на парламентарното мнозинство, исто така и од претставниците на опозицијата.

На крајот би сакала да го истакнам и мојот личен став дека со овој закон сметам дека не губи никој, дека напротив сите добиваме и оние на кои што ќе се донира и оние кои што ќе донираат со цел да можеме да бидеме на некој начин двигатели на развојот на организациите од јавен интерес, односно на јавните дејности во Република Македонија. Верувам дека со донесување на законот доколку го донесеме ќе направиме навистина добар чекор и дека ќе овозможиме, тоа ќе биде во прилог на граѓаните на Република Македонија и на сите оние што очекуваат дека со донесување на ваков закон на поттикнување на донирањето и спонзорирањето ќе можеме да ги развиеме овие дејности и Република Македонија да има закон со кој што ќе се приближи како што реков на законите од земјите од регионот и пошироко и во тој смисол овозможиме, да придонесеме барем делумно да се развие и спортот и образованието и науката. И уште еднаш да потенцирам, еве денеска и овие денови сме сведоци на немилите настани кои што настанаа во Радовиш со училиштата и дека донациите кои што граѓаните ги даваат по постоечките закони, преку телефонските линии и донациите кои што се упатуваат од страна на физички лица, едноставно 19% ќе мораат да бидат скратени, а со овој закон и тоа се регулира. Така што во тој прилог сметам дека навистина направивме квалитетни одредби во законот кои што во танчина ја регулираат оваа материја. И сметам дека како Парламент поттикнати од тоа, од потписот на 80 и неколку пратеници законот оди во редовна постапка и сите благовремени сугестии кои што ќе бидат во прилог да го подобрат текстот на законот ќе бидат прифатени. И се надевам дека ќе имаме таков закон во овој мандат на составот на Парламентот како што и се договоривме.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, еве пред нас се наоѓа законот за донесување закон за донации и спонзорства. Мислам дека целата акција која што потекна токму од Парламентот, од нас пратениците по една јавна дебата, по една јавна дискусија во која што говореа повеќе од 200 претставници од сите здруженија на граѓани, невладини организации и луѓе кои што во овој момент им е неопходна потребата во образованието, науката, културата, спортот. Мислам дека дојдовме во ситуација она што го ветивме тогаш пред тие здруженија и пред граѓаните на Република Македонија дека до крајот на месец февруари како Парламент ќе ја направиме нашата обврска и ќе донесеме закон за донациите и спонзорирањата. Зошто го кажувам ова? Затоа што досега во Македонија не е донесен закон што ги регулира прашањата, концептот и целите на донирањето и спонзорството, предметот, субјектите, користењето, даночните поттикнувања, евидентирањето, отчетноста и контролата на донациите и спонзорставата. Сето ова си зедовме за право со Здружението на граѓани, со многу врвни експерти во нашата работа која што пред да дојде ова до вас пратениците во Собранието на Република Македонија доживеа можеби 6, или 7 верзии кои што мислам дека се поправаа после секој работен состанок. И сега имаме една верзија која што можеме да ја доставиме пред граѓаните на Република Македонија и оставаме можност, затоа што ова се носи во редовна постапка. Одлуката дека овој закон е неопходен мислам дека кај никој од вас апсолутно нема никаква дилема. Останува да добиеме едно подобро решение после јавните расправи кои што ќе се извршат во Република Македонија и предлозите кои што ние како предлагачи и како пратеници тоа што е добро мислам дека ќе го прифатиме и ќе стане составен дел од овој закон се во интерес за она што законот регулира. Инаку, самиот закон, би сакал да ја запознам македонската јавност се состои од 6 посебни делови, значи општите одредби, елементи на донации и спонзорство, евидентирање, отчетност и контрола, даночни поттикнувања на донациите и спонзорствата, казнените одредби и преодните и завршните одредби. Мислам дека во последно време се крева некоја прашина без никаква причина, затоа што овој закон мислам дека е работен транспарентно, дека ја имаме поддршката од повеќе од 80 пратеници, со тоа се менува и Устав, а не еден закон за донации и спонзорства кој и е неопходен на Македонија во овој момент, мислам дека беше и претходно така. Но, во секој случај за информација на македонската јавност треба да известиме дека сите спонзорства, сите донирања законот донесува правила по кои што ќе се однесуваат оние што донираат и оние што ги примаат донациите. Значи, ќе имаме дирекна контрола од Управата за јавни приходи, од сите државни инспекторати и сето тоа ќе биде проверено. За секој оној што нема да се придржува во она што

значи јавен интерес, јавно известување и приложување на договорите следуваат казнени одредби, кривични пријави, прекршочни пријави така што во старт треба да исклучиме нешто, затоа што се појавија некои написи кои што тука говорат за некои политички партии и ослободување на донаторите на политичките партии. Тоа јавно од оваа говорница ќе го кажам, дека апсолутно не е во законот, затоа што ние како Парламент донесовме Закон за финансирање на политички партии каде што се знае по кои правила може тоа да се обавува и се друго е кривична и казнена, прекршочна пријава до оној што го направил тоа спонзорство. Мислам дека целта е многу јасна, многу транспарентна. Очекувам, бидејќи имаме поддршка и потписници на овој закон повеќе од 88 пратеници, дека сето тоа ќе допринесе овој закон по онаа постапка по јавните расправи кои што ќе се направат, се надевам со ваше масовно учество на сите пратеници од Парламентот секаде каде што ќе бидеме побарани на овие јавни трибини, сите заедно да донесеме еден закон до крајот на работењето на овој Парламент тој закон да биде изгласан и како што стои во завршните одредби неговата важност да биде од 01 јули 2006 година. Зошто го говорам ова? Мислам дека колешката Лепиткова објасни повеќе од она што значи даночни поттикнувања и начинот на кој што сакаме сето тоа да го решиме. Јас објаснив во однос на она што значи евиденција, отчетност и контрола, исто тука стојат казнените одредби. Казнените одредби се за оние што нема да склучат договор во писмена форма, не изготват извештај за дадената и за добиената донација и спонзорство, ако не ја користат донацијата во согласност со договорот го губат правото на сопственост, а предметот на донација му се враќа на давателот на донацијата, ако договорот и другата документација не се чува најмалку 5 години, сите овие одговараат со казна од 50 до 300 илјади денари, а со парична казна од 10 до 50 илјади денари се казнува физичкото лице за прекршоците предвидени во овие членови.

На крајот би сакал да кажам дека со овој закон се делува и во правец на усогласување на македонското законодавство со одредени европски и светски трендови и стандарди во најпрофитното право. Предложениот текст се потпира на ставовите на повеќе релевантни домашни и меѓународни експерти и институции. Со регулирањето на донациите и спонзорствата од странство и кон странство за кое што можеби во првиот момент има некои недоумици. Но, разгледувајќи ги законите на околните држави и она што се случува во Европската унија, мислам дека е сосема прифатливо да се вклучи сето тоа. Гледаме какви се несреќи се случуваат низ светот и како светот нас ни помогнал во некои ситуации во кои што сме биле ние како Република Македонија. Така што ова е отворање на едно повисоко ниво на овие донации и спонзорства. Со имплементацијата на овој закон ќе се делува во правец на зајакнување на општествените активности и негово вистинско етаблирање во општеството. Со овој закон организациите кои вршат јавни дејности поподготвено би го дочекале и би се вклучиле во процесот на европска интеграција на Република Македонија во што би требало да имаат исклучително значајна улога.

И на крајот мислам дека за сите оние здруженија и граѓани за кои што говоревме секој ќе се најде себеси во ова спонзорство и донации. Се надевам дека тоа приватниците ќе го прифатат и бизнисмените во Република Македонија и начинот на кој што тие ќе работат и како ќе се изведува сето ова една голема помош кон граѓаните и плус тоа мислам дека нема да биде на товар на Министерството за финансии и она што значи Буџет. Затоа што со поттикнувањето и ослободувањето, олеснување на некои даночни обврски мислам дека на тој начин токму бизнис секторот ќе биде тој што ќе инвестира многу повеќе отколку што инвестирал досега. Се надевам на ваша сесрдна поддршка дека во оваа прва фаза имаме одобрение за понатамошно разгледување, јавна експертиза и сите ставови од сите субјекти кои што се заинтересирани во овој дел ќе бидат разгледани во втората фаза и вградени во овој закон. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, колеги пратеници, јас сосема накратко сакам да дадам некои мои видувања по однос на предложениот закон кој што е денеска пред нас на дневен ред. Ме радува податокот кој сакам овде јавно да го истакнам во ова Собрание дека на 5 декември под ваше покровителство се одржа една конференција, тркалезна маса каде што вие ги собравте Комисијата за култура, Комисијата за образование, експерти од областа на културата, науката, спортот и тогаш констатиравме дека тоа беше еден најмасовен собир овде одржан во Собранието и тогаш се начна и оваа идеја за носење на еден ваков закон кој реално ќе им помогне на овие сегменти од нашето општествено живеење. Значи тука можам да констатирам дека од 5 декември, еве за два месеци таа идеја веќе прерасна во стварност. Денеска тоа го имаме пред нас, значи законскиот проект го имаме пред нас и верувам дека и луѓето кои го работеле и ние пратениците ќе продолжиме и со тоа темпо и понатаму да го доработуваме овој Предлог на закон, бидејќи сега следува како што дознав конференција по однос на текстот кој е денеска пред нас. Значи и во оној предвиден деловнички рок верувам дека ќе го вратиме повторно во Собранието за конечно да го донесеме овој закон кој навистина на овие сегменти им е неопходен. Значи јас на крајот можам да констатирам и тоа често пати сум го говорел дека ова е единствениот пат со кој реално можеме да им помогнеме на културата, спортот, науката, значи сите стопански капацитети, субјекти во Република Македонија преку ова законско решение да си најдат свој интерес да донираат во овие области.

Драго ми е што тоа се направи во нашиот мандат и верувам крајниот производ од тоа, значи интересот на стопанствениците во Република Македонија ќе биде огромен откако ќе се изгласа ова законско решение.

**Љупчо Јордановски:** Господине Аднан Јашари, имате збор.

**Аднан Јашари:** И јас сакам да кажам неколку збора и уште на почетокот сакам да нагласам дека ќе гласам за овој предлог, бидејќи и покрај тоа ценам дека целта на предлагачите е јасна, да даде придонес во правец, неколку јавни дејности што во суштина немаат профитабилен карактер, како што е во областа на здравството, спортот, образованието, итн, во иднина да можат да се спонзорираат или да се донираат од донатори, од физички или правни лица кои вршат одредена дејност, или кои не вршат таква дејност. Преку овој предлог се сака да се создаде можност, сите овие дејности кои немаат профитабилен карактер во областа на образованието, спортот, културата, итн, да се спонзорираат од разни спонзори и на тој начин на нив да им се намалат даночните обврски, било во однос на данокот на личен доход, данокот на добивка и данокот на имот.

Уште на почетокот сакам да нагласам или да дадам една сугестија до предлагачите, бидејќи моја оценка е, за да може овој закон да се оствари вака како што е предвиден, предходно треба да се предложат измени или доплнувања на законите кои ја регулираат даночната обласаст. Тоа го велам бидејќи токму со овие закони кои се базични, се регулираат овие области. Доколку успееме да ги измениме тие закони, ќе создадеме една основа за остварување на овие даночни олеснувања кои се предвидени во текстото на овој закон. Уште еднаш ќе нагласам дека тоа е една голема работа. Затоа јас лично ценам дека сите ние треба да го подржиме овој закон и да гласаме за овој предлог за донесување на овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мустафа имате збор.

**Неждет Мустафа:** Јас сосема кратко сакам да ја кажам мојата импресија во однос на оваа плодотворна идеа. Но, нешто што мене ме загрижува е дали навистина со оваа идеа ќе почнат да се финансираат и активностите во областа на културата, образованието и на другите заедници. Позанвајќи ја нашата структура, какви се фирмите и кои луѓе ги поседуваат најголем дел од фирмите, не знам дали ромската заедница би можела да се најде во еден таков интерес на оваа плодотворна идеа. Значи предлогот е прекрасен, но надежта на Ромите незнам дали ќе може тука да се најде, покрај позавањето дека ние немаме некои роми бизнисмени на кои би можеле да се надеваме, дека некои би се интересирал да финансира и во ромската култура. Ова сега го велам од практични причини што знаеме како ние функционираме во Република Македонија.

Јас ќе го подржам овој закон, но со некоја надеж дека некои од фирмите, ромските невладини организации и здруженија на граѓани, ромските ансамбли, спортот, можеби ќе има некој дарежлив кој ќе придонесе и за развој и на севкупната ромска култура во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Китаноски, имате збор.

**Илија Китаноски:** Во име на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, апсолутна подржка на овој закон со еден краток осврт или коментар.

Логична последица е донесувањето или предлагањето на еден ваков закон од една, сега веќе во овој момент, голема група на пратеници од сите пратенички групи во Парламентот, како последица на една ситуација што во последните години посебно ескалира и во областа на спортот и во областа на културата и во областа на сите останати свери на општественото живеење што ги регулира овој закон, односно ја регулира можноста за нивно финансирање заради тоа што, буквално цели спортови, комплетни манифестации од областа на културата, образовни итн, беше доведена во прашање нивната гола егзистенција. Постојните законски решенија во ред законски прописи чија измена ќе следува после донесувањето на овој закон односно втората фаза на овој закон, едноставно со самото донесување на овие закони, Владата имаше еден ригиден однос кон сите овие барања, така што, веројатно со донесувањето на овој закон ќе мора да се донесат и соодветни измени кај другите закони. Велам, како последица на тоа се доведувавме во ситуација, спортот, културата, образовните институции, исто така како едни од најважните амбасадори на секоја земји, а посебно на една мала земја како што е Република Македонија која во тие полиња е единствено рамноправна, а можеби и супериорна во однос на други европски нации и држави. Сметаме дека на тие институции на соодветен начин треба да им се овозможи финансирањето односно со донесувањето на ваков посебен закон за донации и спонзорства во јавните дејности, бидејќи, ќе повторам, во десегашните законски решенија имавме една ситуација каде буквално и оние институции, дали се тоа културни, спортски, невладини и останати, кои успеале да најдат донатори, едноставно мака мачеа да ги задржат тие донатори и спонзори, бидејќи донаторите и спонзорите, освен тоа што донираа средства, што во овие организации 99% се неповратни односно повратен ефект за нив како компании или како физички лица кои би донирале, нема, беа принудени да плаќаат и данок на тие спонзорства и донации, или тие спонзорства и донации да не им бидат одбитна стапка при пресметувањето, на пример, на данокот на добивка. Така што мислам дека законот, иако е од група на пратеници, веројатно и во соработка со службите е доста квалитетно изработен и мислам, не само во првата фаза, туку и во втората, што побрзо треба да биде донесен да не влеземе веќе во период на изборна кампања, кога едноставно ќе биде можеби во сенка, или ќе стане помалку важен од другите активности во државата. Сметам дека

брзо време откако ќе помине тој дел на јавната расправа, треба да се врати во Собранието и дефинитивно да се донесе, со следователни предлози за измени во соодветните закони кои го регулираат персоналниот данок, данокот на добивка, данокот на додадена вреднст, итн. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Џелили.

**Зиди Џелили:** Благодарам претседателе, колеги пратеници.

И ние пратениците од ДПА го подржуваме предлогот за донесување на законот за донации и спонзорирања во јавните дејности.

Во моментот кога ние го подржавме овој предлог имавме предвид каква ситуација имаме во определени области на јавните дејности, како што е областа на културата, спортот, итн, од причина што досега многу културни и спортски активности биле подржани од страна на разни донатори и спонзори, посебно културата, албанскиот спорт што долго време немале подршка каква треба од државните институции. Мислиме дека со овој закон и понатаму ќе се поттикнат сите оние што ја цената културата, спортот, тие што сакаат да го унапредат спортот, културата и другите јавни дејности, ќе имаат законска подршка да бидат повеќе заинтересирани и да продолжат да придонесуваат во тој правец. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да му го предложам заклучокот на Собранието ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

На Собранието му предлагам да го донесе следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за донации и за спонзорства во јавните дејности.

2. Предлагачите на законот да изготват и на Собранието да му достават предлог на закон за донации и спонзорства во јавните дејности, при што ќе ги имаат предвид мислењата и предлозите од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, како и можните предлози од јавните расправи кои би се одржале до поднесување на предлог законот.

3. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до предлагачите на законот.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

65 пратеници гласале, 65 гласале за, нема против, нема воздржан.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Минуваме на 7-та точка - Предлог за донесување на закон за Судскиот совет на Република Македонија.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Кој бара збор?

Има збор заменик министерот за правда Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

По усвојувањето на уставните амандмани фокусот на реформите на правосудството се пренесе брз реализацијата на конкретните законски решенија предвидени во нив. Имено законот чие донесување се предлага, има за цел да ја уреди нормативно-правната рамка за воставовување на Судскиот совет на Република Македонија и да дефинира постапка за избор и разрешување на судии, согласно амандманите на Уставот.

Причината за донесување на Законот за Судски совет на Република Македонија е и потребата од усогласување на домашното законодавство со меѓународните стандарди од областа на правосудството во кои процесот на изборот на судии од страна на независно стручно тело, преставува општо прифатен стандард како гаранција како независно, стручно, квалитетно и професионално извршување на оваа значајна јавна функција.

Досегашниот концепт на Републичкиот судски совет уште на уставно односно нормативно ниво имаше одредени слабости кои не само што не беа на линија на независноста на судството, туку во некои аспекти беа и спротивни, од кои причини тој концепт често беше критикуван дека дозволува политичко влијание во изборот и разрешувањето на судиите. Имено, како резултат на околноста што тоа беше составувано врз политичка основа и функционираше как политичко тело во чие одлучување секогаш се вградени интересите на политичките сили што доминираа во неговиот состав, значеше можност за политичко влијание не само врз составот на Советот, туку и посредно, преку него врз составот на судовите.

Имајќи ги предвид наведените слабости, се наметна потребата од реформирање на системот на избор и разрешување на судии, како и предифинирање на поставеноста, надлежностите и составот на Републичкиот судски совет. При тоа како особено битно беше истакнат составот на ова тело, при што како основен предуслов за негова независност, беше посочено дека тоа би требало да биде составено од монозинство судии избрани од самите нив.

Овие насоки беа следени во новите уставни амандмани во делот на правосудството. Така, Амандманите XXVIII и XIX ја регулираат позицијата и надлежностите на Судски совет на Република Македонија и во кои е предвидено дека

тој е самостоен и независен орган на судството кој ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт.

Предлогот за донесување на Законот за Судски совет на Република Македонија е систематизиран во седум глави и содржи 60 члена.

Почитувани пратеници, дозволете уште еднаш да го истакнам значењето на овој закон кој има за цел јакнење на независноста и зголемување на професионалноста на судиите, што претставува еден од основните услови на патот на нашето интегрирање во евроатланските институции. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Лалчевска имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Би сакала да кажам неколку свои видувања за Предлог законот за Судски совет на Република Македонија.

Овој закон е нужен, бидејќи е детерминиран со новата уставна рамка што со уставните измени кои беа неодамна донесени, се наметнува како потреба да се основа и да профункционира новиот Судски совет.

Би сакала само на кратко да изнесам некои свои забелешки за ресорното министерство да ги има предвид при изготвување на Предлогот на законот односно за втората фаза.

За да не одземам многу време, директно ќе ги изнесам забелешките.

Во членот 8 дадено е во предлогот во ставот 3 дека за претседател на Советот не може да биде избран министерот за правда. Јас предлагам за претседател на Советот да не може да бидат избрани членовите по функција. Во советот ќе има два члена по функција, тоа е министерот за правда и претседателот на Врховниот суд и сосема е соодветно двајцата да не можат да бидат избирани за претседател на Советот, од причини што функцијата е менлива и со престанување на функцијата престанува и членството во судскиот совет. За Врховниот суд на страна на мојот предлог стои и обврските кои што претседателот на Врховниот суд ги има и функциите кои ги обавува и досега се бројни, па претседавањето со судскиот совет ќе биде дополнителна обврска, која што не ќе може во еден човек така лесно и прецизно без да трпи функцијата, да се обавува. Бидејќи, тој е претседател на Врховниот суд, претседава со општата седница на Врховниот суд, претседава со судскиот буџет итн., значи бројни се тие негови обврски и тука концентрацијата на моќта е исто така голема, а таму каде што има голема концентрација на моќ и функции, не би сакала да говорам, меѓутоа, секогаш се изродуваат негативности. Од тие причини предлагам овој став 3 да се промени, да се прошири на двата члена по функција да не можат да бидат бирани за претседатели.

Понатаму, во членот 11 услови за член на советот од редот на судиите, меѓу другите е пропишано во последниот став да има потврден резултат во вршење на судската функција, при што придонесува за подигање на угледот и довербата на судиите и судството. Според мене, ова е само една описна одредба, а би требало да биде поконкретна, поконкретизирана за да има своја функција. Затоа, предлагам на таа потврда на резултатите, всушност, да биде директно црпена со бројки и податоци од извештаите за месечните и годишните извештаи за работа на судиите,бидејќи работата на судиите е поприлично менлива и јасна и може во бројки да се проследи низ месечните и годишните извештаи. Значи, преку тие извештаи да се види како резултат неговото работење. Ако резултатот во неговото работење е висок, тогаш и неговиот углед како судија и довербата што ќе ја имаат во него ќе биде сигурно висока. Меѓутоа, вака напишана е само повеќе декларативна и описна. Мимслам дека нема да има некоја практична функција како еден од условите.

Понатаму, околу комисиите кои се предвидуваат, Комисија за подготвување на кандидатски листи и Комисија за избор. Во едната комисија мислам дека има пет члена, а во Комисијата за избор има пртседател, заменик, четири члена и четири заменици, што во превод значи 10 души од 15 члена на судскиот совет. Јас ценам дека оваа Комисија е навистина обемна, бидејќи на крајот сепак ќе се расправа сето тоа околу изборот пред судскиот совет. Моето мислење и мојот став е дека треба да биде стеснет бројот на членовите во оваа комисија за побрзо и поефикасно да ја завршат таа работа околу изборот, бидејќи секогаш големата бројка на членови во комисија ја отежнува работата и на страна на ефикасноста, навистина, би требало помала, можеби три до пет максимум членови да брои таа комисија за избор. Затоа што, пак, целиот судски совет го сочинуват 15 луѓе. Имаме десет во оваа и пет во другата комисија, некако премногу се.

Би сакала уште една од моите најголеми забелешки на овој закон, избор на судии на Основниот суд, член 31 "Советот избира судија на Основен суд од листа на кандидати доставена од Академијата за обука на судии и јавни обвинители". Ние неодамна донесовме закон за обука на судии, всушност Закон за академија за обука на судии и јавни обвинители во кој точно е пропишано дека ќе има рангирана листа на оние кандидати кои ќе ја завршат академијата. Рангираната листа подразбира избор на оној кој се наоѓа највисоко на ранг листата итн. надолу. Ех, сега, ако е таму така пропишано, тогаш имаме неусогласеност со овој закон, затоа што според овој член 31 Советот би требало да врши избор на било кој кандидат на листата. Меѓутоа, во Законот за академија не е така. Таму е кажано дека листата е рангирана. Ако е листата рангирана, тогаш тој што е највисоко на ранг листата треба да биде избран за судија. Сега, тука се судруваат две тези, дали ние имаме концепција, дали сме избрале концепција да правиме рангирана листа и оној што е највисоко, значи во таква ранг листа да се бираат судиите,

или пак и со тоа ќе му ја намалиме или ќе му ја одземеме ингеренцијата на судскиот совет таа што уставно му е дадена да врши избор на судиите, затоа што тој ако треба само да верифицира избор на судија кој е највисоко на рангираната листа, тогаш ние му ја стеснуваме уставно загарантираната надлежност на судскиот совет. Ако пак сме се определиле за концепција дека од сите оние што ги исполнуваат условите, вклучително и академијата, завршената академија да избира кандидат за судија, тогаш законот за академија не е усогласен со овој закон. Значи, мора да расчистиме која концепција да ја следиме и да се усогласат овој закон со законот за академија. Јас чинам дека предимство има ова решение овде што се нуди, што значи тогаш ќе изнуди корекција во другиот закон, во Законот за академија, затоа што со Уставот на судскиот совет му е дадена оваа надлежност и ние тука не можеме да му ја стеснуваме односно да го правиме судскиот совет само како аминувач на веќе рангирани кандидати.

Понатаму, предвидено е Судскиот совет да поднесува годишен извештај до Собранието и тоа е еден од оние механизми на контрола меѓу властите, меѓутоа, во членот 51 во претпоследниот став се вели дека извештајот ќе биде поднесен до Собранието на разгледување и усвојување. Тоа значи дека Собранието ќе расправа по годишниот извештај на Советот и можни се две ситуации. Собранието да го изгласа извештајот или да не го изгласа извештајот. Сега, ако е тоа така, тогаш што ако Советот, ако Собранието не го изгласа годишниот извештај на советот. Дали таквата, да речам, недоверба во работењето или потврда за лошо работење на Советот нема да повлече никакви санкции односно нема да повлече никакви последици за судскиот совет. Ако сме се определиле за концепт дека Собранието ќе расправа и ќе го усвојува извештајот, годишниот извештај за работа на судскиот совет, тогаш не изгласувањето на тој извештај треба да повлекува распуштање на судскиот совет и избор на друг. Е, сега, тука можеби ќе се спротивстават и ќе речат ние сега не можеме да му се мешаме на Советот. Ние не му се мешаме воопшто на Советот. Советот повторно ќе си избере сам нови членови, затоа што на дотогашните не им се изгласал извештајот, што значи тие лошо работеле. Тогаш, ќе имаме навистина контрола меѓу властите. Ние не можеме да дозволиме само извештај проформа да се изгласа или да не се изгласа и да нема никакви последици. Тогаш, да се определиме за друг концепт. Дајте извештај само да се доставува до Собранието колку да се запознае Собранието со извештајот и нема што да расправа Собранието. Меѓутоа, тогаш во таков случај ако се определиме за таков концепт, ќе овозможиме можеби судскиот совет односно судството да се затвори само себе си и да немаме контрола меѓу властите. А, нешто за што се залагаме е да постои независно судство, властите секоја во својата ингеренција да си ја врши својата функција, меѓутоа, меѓусебно да се контролираат. Тоа е онаа чекенбаланс, што значи контрола и баланс меѓу властите. Ние не можеме судската власт да досволиме да се за твори самата во себе. Оваа одредба да, во ред е, извештајот да се разгледува и да се усвојува, меѓутоа, мора да се внесе одредба со која не изгласувањето на извештајот ќе повлекува и по автоматизам оставка на целокупниот судски совет и повторен избор на други членови на судскиот совет. Во таков случај ние навистина ќе имаме еден вид на контрола, а Собранието во никој случај нема да му се меша ниту во ингеренциите, ниту во надлежноста на судскиот совет. Тој повторно сам ќе си ги избере по сите правила кои се предвидени во законот, ќе си ги избере новите членови на судскиот совет.

Сега, тука како за поткрепа, пошто имаше и на Комисијата за законодавство некој обид да се објасни оваа моја теза, како пример би ви навела како функционираат работите. Претседателот на државата кај нас се избира на непосредни избори. Меѓутоа, Собранието доколку му изгласа импичмент претседателот ќе си оди. Еве, не го бира Собранието, меѓутоа, заради контрола меѓу властите постои таква можност за контрола меѓу тој дел од извршната власт и Собранието. И овде е неопходно потребно да постои чекенбаланс. А, тоа ќе го постигнеме ако донесеме одредба и навистина инсистирам и ги молам претставниците на Министерството за правда добро да размислат за ваков предлог, да го изинализираат и да се изнајде формулација на одредба која што ќе се внесе тука, доколку не се изгласа извештајот да се распушта судскиот совет и да се избираат нови членови во судскиот совет.

И, уште на една работа би се задржала. Вочленот 55 вели плата на членови на советот, генералниот секретар и тн., меѓутоа плата на членови на советот, според мене, значи дека членовите на советот се професионалци и примаат плата како вработени за својот мандат во судскиот совет. Меѓутоа, никаде во законот, во Предлог-законот нема дали одредби, дали судската функција која претходно ќе ја обавуваат, зборувам за оние осум судии, пред се, кои претходно биле судии. Сега ќе бидат избрани во судскиот совет, дали нивната функција судија ќе престане. Дали после мандатот во судскиот совет ќе се вратат да бидат судии или не ќе се вратат. Што понатаму ќе се случува. Значи, воопшто не е ништо кажано, ниту разработено нивниот професионален статус, а ова за плати укажува на тоа. Значи, ако примаат плати како членови на судскиот совет, тогаш тие се таму и вработени. Потребна е дури цела глава да се разработи статусот на членовите на советот. Дали ќе бидат професионалци, ако бидат, а ова укажува на професионалци, што со нивната претходна функција дали ќе мирува, а да мирува навистина е вака малку и чудно што шест години е мандатот на Советот и со право на повторен избор, тоа е предолго време за да може да трпи судството да мирува нечија судска функција, па после 6 или 12 години да се врати во судот. Меѓутоа, тие прашања мора јасно и

прецизно да бидат дадени и разработени во законот, дури и предлага во цела една глава за јасно и прецизно да знаат и оние што ќе бидат избрани кои се правата што ќе произлегуваат од нивното членување во советот, за да не се судриме набргу, после првиот избор. Е, сега што понатаму? Дали сме професионалци, не сме професионалци, па ми мирува судската функција или не ни мирува судската функција и ред други прашања кои што ќе се отворат со ова. Затоа што, да потсетиме, еве заз пратеничката функција беа потребни четири мандати за да дојдеме до едно решение на статусот на пратеник што го имаме сега професионалци, па сите оние одредби кои се пропишани околу нашето работење. Овде навистина е ризично да чекаме четири мандати на Советот за да можеме да го разрешиме, па затоа уште сега веднаш мора да се разреши тоа прашање. Тоа се, главно, моите забелешки на овој закон. Потребно е да се размисли и да се доработат сите овие работи кои ги загонетнав, за да не се остави простор и можност за било какви недоречености, отворени прашања кога ќе профункционира судскиот совет, а тој ќе профункционира за многу брзо, затоа што нас и роковите ни се кратки за да го донесеме овој закон и да го конституираме и судскиот совет за да почне да работи, бидејќи не трпи грешки. Сакаме независно судство, сакаме деполитизирано судсство, сакаме ефикасно судство. Повеќе грешки не ни се допуштени. Затоа, го молам претставникот на Министерството за правда за овие мои забелешки да ги има предвид при изготвување на финалната верзија на законот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Има збор пратеникот Манев Ефтим.

Се извинувам, да не има некој од пријавените за реплика? (Нема)

Повелете господине Манев.

**Ефитим Манев:** Благодарам потпретседателе,

Би сакал и јас да дадам еден мој придонес, по однос на предлогот на законот за РСС, кој ќе оди во две фази, така што да укажеме на одредени мои видувања каде што би требало нешто да се направи за да биде законот подобар и поквалитетен.

Најнапред, би тргнал од членот 6 со кој се одредува бројот на членовите на РСС, како и членовите на истиот, така што во алинеја 1 се зборува дека по функција членови на советот се претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и Министерот за правда. Мислам дека постои една дилема по однос на претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, тој да биде по функција, бидејќи претседателот на Врховниот суд на Република Македонија пред се е судија, тој доколку не е судија, не ќе биде ни претседател на Врховниот суд. Би било прашање дали вака како што е поставена одредбата ќе може претседателот на Врховниот суд кој би влегол по функција како член на судскиот совет и понатаму тој да остане како претседател на Врховниот суд, бидејќи веќе има судир на функциите, каде што не може судија, освен суската функција, да обавува друга функција. За тоа предлагачот ќе треба малку подобро да размисли и за оваа околност дали ќе може да остане вака како што е решението.

Ако се предлага тој да биде член на Судскиот совет без да биде биран како и останатите членови на Судскиот совет кои се од редовите на судовите, тогаш автоматски неговата функција претседател на судот ќе треба да му престане. Јас така мислам и сметам дека е правилно така, односно не да престане, туку да мирува како што е определено во членот 53 од Законот за судовите каде сите овие судии кои ќе бидат избрани за членови на Советот мандатот им мирува се додека тие ќе бидат членови на Судскиот совет, а по истекувањето на мандатот од шест години или по иницијатива на самиот член ако побара да биде разрешен истиот ќе продолжи да ја обавува функцијата судија.

Истата судбина мора да ја дели и претседателот на Врховниот суд. Не може да биде поинаку, бидејќи тој е пред се судија.

Тоа се моите укажувања за да ги има во предвид предлагачот при предлагање на законот во втора фаза кој ќе треба да го усвоиме.

Имам забелешки и поинакво мислење кај членот 43 каде се зборува за разрешување судија од судска функција и каде се наведуваат причините. Тоа се: поради сторена потешка дисциплинска повреда пропишана со закон што го прави недостоен за вршење на судската функција и поради нестручно и несовесно вршење на судската функција.

Не знам, ако овде во овој закон каде е дадена можност Судскиот совет да ја утврдува таквата повреда, зошто во еден или два члена не се опише која е таа тешка повреда, мислам дисциплинска што го прави судијата неподобен да ја врши функцијата или кои се тие пропусти што ќе ги прави судијата а го прават како нестручен.

Мислам дека местото треба да биде лоцирано токму во овој закон и не треба да измислуваме друг закон, нов закон, бидејќи во Законот за судовите не постои такво нешто, кој ќе биде тој закон, дали посебен закон ќе донесуваме само за да се утврдуваат дисциплинските мерки. Кои се тие дисциплински повреди, мислам дека во еден или два члена мора да се нормираат во овој закон, па затоа овој дел му предлагам на предлагачот да го има моето размислување во предвид и во втората фаза да ги нормира, бидејќи до сега не беа нормирани. И до сега се разрешуваа судии повеќе по убедување на Судскиот совет без да биде нормирано која е таа повреда што ја прави судијата.

Би сакал да укажам на тоа што го зборуваше и колешката Лалчевска на членот 51 дека Судскиот совет поднесува извештај до Собранието кој извештај треба да биде усвоен, а може и да не

биде усвоен. Дилемата е што ако не биде усвоен. Дали е само про форма тоа дека ќе биде доставен, па дали го усвојува или не го усвојува Собранието е исто, суштински не се менува ништо во тој првец. Сметам дека предлагачот при поднесување на Предлог-законот во втора фаза ќе треба и во тој дел малку повеќе да размисли што доколку се случи да не биде усвоен извештајот на Судскиот совет. Веројатно при разгледувањето на извештајот ако не се усвои ќе се дадат одредени заклучоци од кои причини не е усвоен извештајот и сметам дека е неопходно потребно во овој закон да се регулира во таков случај што понатаму.

Јас не би одел автоматски доколку не биде прифатен извештајот да му престане функцијата на Судскиот совет, неспорен факт е дека може да има и политички побуди кај Парламентот во одредени состојби со цел да се разреши некој судски совет, туку ќе треба да постои некое друго тело, бидејќи Судскиот совет е составен од повеќе членови бирани на поинакви начини.

Поголемиот дел од членовите на Судскиот совет се бираат од страна на судовите. Дел од нив се бираат од страна на Собранието и тоа по предлог на Собранието и по предлог на Претседателот на државата.

Сметаме дека во овој правец би требало да размисли предлагачот дали со овој закон или во Законот за судовите ќе треба да има некое собрание на судии во вакви случаи кои би ја разгледале работата на Судскиот совет доколку Судскиот совет излегол надвор од своите овластувања, ги повредил своите овластувања според законот на штета на судството на развој на судството би требало тој извештај и таму да се разгледува и по укажаните заклучоци од страна на Собранието во случај кога не би го прифатиле извештајот.

Моите скромни забелешки се тие за сега, имајќи во предвид дека законот ни беше доставен набрзо, го имаме два, три дена, имајќи други активности во Собранието имавме недоволно време да го разгледаме, но сметам дека овие укажувања се од витален карактер и ќе треба да им се посвети повеќе внимание од страна на предлагачот и да најде решение при предлагањето на законот во втора фаза за негово усвојување. Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Манев.

Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам господине потпретседател, почитувани претставници на Владата и на Министерството за правда, почитувани пратеници,

Еве почнавме со овој закон како еден од системските закони со кои се обврзавме и ние како Парламент дека најдоцна до 30 јуни 2006 година ќе ги донесеме овие закони, а тоа е овој закон за Судскиот совет на Република Македонија, за судовите и за прекршоците. Тоа ни е обврска од Уставниот закон за спроведување на амандманите кои ги донесовме минатата година.

Основот за овие закони, а пред се за овој закон се амандманите 18 и 19 кои се однесуваат на Судскиот совет на Република Македонија кој треба со овој закон да се конституира.

Сметам дека денеска треба да ја утврдиме потребата за донесување на овој закон и сите наши мислења, забелешки кои ги имаме ние како пратеници Владата и Министерството за правда ќе ги имаат во предвид со цел да донесеме поквалитетен закон, бидејќи од овој закон ќе зависи иднината на правосудниот систем во Република Македонија.

Мислам дека со носењето на овој закон нашата обврска како Собрание, како Парламент ќе ја префрлиме на Републичкиот судски совет односно на Судскиот совет на Република Македонија кој ќе ја преземе целокупната одговорност околу изборот, разрешувањето на судиите и целокупната политика во Република Македонија од правосудниот систем.

Сметам дека уште од 2004 година Владата, со донесувањето на Стратегијата за реформи во правосудниот систем си стави за задача да се реформира овој дел од нас пратениците односно изборот, именувањето, разрешувањето да го прави друго надлежно тело. Тоа друго надлежно тело е Републичкиот судски совет кој имаше за задача да биде составен од мнозинство судии и тоа тело да го сочинуваат судии избрани со тајно гласање. Бројот на телото да има поголемо мнозинство на судии, што значи судиите сами ќе одлучуваат за својот избор и за работата и надлежноста на судиите.

Ова е тоа што е веќе преточено од амандманот 18 и 19 е преточено во овој Предлог на закон, добро е што оди во две фази при што ќе можеме сите да дадеме придонес да донесеме квалитетен закон за јакнење на независноста на судството.

Законот кој е пред нас ги содржи контурите на она што треба да биде судски совет во Република Македонија. Сметам дека овој Судски совет на Република Македонија со кој ќе го донесеме овој закон и ќе го конституираме тој орган треба да биде гаранција за независноста, стручното, квалитетното и професионалното извршување на оваа значајна јавна функција односно на судстото. Тоа е основната задача и цел со која Парламентот и ние сакаме да направиме чекор напред во однос на правосудниот систем.

Значи, целокупната работа ја оставаме за независно, стручно, квалитетно и професионално извршување на оваа функција на Судскиот совет на Република Македонија.

Сега ќе дадам неколку мои видувања во однос на текстот на законот како мои забелешки и мислам дека ќе придонесам за подобар и поквалитетен закон во оваа област, се со цел правосудниот систем во Република Македонија да функционира добро.

Во членот 1 мислам дека треба да се доработи она што значи Судски совет на Република Македонија. Членот 1 треба да го преработите уште малку за да биде попрецизен и поконцизен.

Судскиот совет на Република Македонија ќе биде самостоен и независен орган на судството. Тоа ќе значи дека сите политички партии, она што беше под влијание на политиката се избираат и именуваат, со овој закон и со овој судски совет на Република Македонија веќе ќе ги тргнеме од политичките води и ќе имаме орган кој ќе биде независен од никого.

Во амандманот 18 кој е даден и кој го донесовме, Судскиот совет на Република Македонија како самостоен и независен орган на судството ќе брои 15 члена. Истото е направено и во членот 6 каде се кажува дека по функција членови на Советот ќе бидат претседателот на Врховниот суд и министерот за правда. Осум члена на Советот ќе ги избираат судовите од своите редови и тоа со тајно гласање, а 5 члена ќе избира Собранието на Република Македонија од кои двајца членови ќе избира, по предлог на Претседателот на Република Македонија. Значи, вкупниот број 15, 8 ќе имаме професионални судии. Тоа е сосема во ред ќе биде мнозинство од професионални судии.

Овој член е сосема во ред, тоа е амандманот 18.

Она што беше најмногу и најгорливо прашање за кое се дискутираше овде во Парламентот и помеѓу политичките партии и парламентарните групи тоа беше кој да го води овој орган.

Мислам дека е добро кажано во Законот и прецизирано, тоа е во членот 8 дека претседателот на Советот ќе го избира Советот од редовите односно самите ќе си избираат претседател со мнозинство гласови од вкупниот број на членови и тоа со тајно гласање. Ова е најдобро решение дека однапред нема да се знае кој ќе биде претседател на Советот, туку самиот совет со тајно гласање од мнозинството гласови од вкупниот број членови ќе го избере претседателот.

Она што беше доста расправано во претходните расправи тоа беше дали министерот за правда може да биде избран за претседател, веќе во членот 8 став 3 е прецизирано дека министерот за правда не може да биде избран за претседател на Советот и тоа е сосема во ред. Овде имаше некои видувања да не биде заменик на претседателот. Сметам дека првото решение е многу добро дека Советот сам ќе си избира претседател од своите редови. Тоа е нивно право, нема никој да им се меша, тие 15 члена сами ќе си изберат претседател. Мандатот ќе им трае 6 години со право на уште еден избор.

Некаде во Законот треба да се вметне дека членовите на Советот ќе ја извршуваат оваа функција професионално. Треба така да биде, бидејќи не би можело да биде член на Совет, а и судија во некој суд. Затоа сметам дека Советот треба да ја обавува функцијата професионално.

Она што е најдемократски направено тоа е изборот на осумте члена на овој Совет од редот на судиите. Еден од условите да биде судија и да ја врши таа судска функција, во членот 11 има дадено две како барања да не е дисциплински казнуван во последните три години и да има потврдени резултати во вршењето на судската функција со што придонесува за подигање на угледот и довербата на судиите и судството.

Не е кажано кој тоа ќе го цени, како ќе се вреднува втората алинеја, односно да има потврдени резултати од вршењето на судската функција. Некаде во Законот треба да се каже кој тоа ќе го врши, ако не е некаде во некој друг закон тоа кажано.

Добро е што ќе оди со тајно гласање дека овие осум судии ќе се избираат самите. Има разработена постапка со кандидирање, со комисии, со одбори.

Имам една мала забелешка во членот 15 каде зборува за Комисијата за избор која ќе го врши изборот, не Комисијата, туку избирачкиот одбор. Велиме Комисијата ќе ги спроведува изборите, таа е составена од претседател, заменик претседател и 4 члена и нивни заменици, а изборниот одбор е составен од претседател и двајца членови од редот на судиите. Има една алтернатива или стручните соработници во судот. Мислам дека ова "или стручните соработници во судот" треба да остане само за малите судови, можеби таму нема голем број на судии, тие се 7, 8, 9, така би требало, а кај поголемите судови да не бидат стручните соработници, туку тоа да бидат само од редовите на судиите. Ова да остане и да се допрецизира дека во избирачкиот одбор можат да бидат и стручни соработници, но таму каде имаме мали судови 7, 8, 9 судии и ако го погледаме бројот на Комисијата би требало да влезат сите судии, а еден од тие да биде кандидат за Советот. Оваа алтернатива да си остане за малите судови, а за големите судови исклучиво да биде судии, бидејќи тоа е интенцијата судиите ем да избираат ем да бидат избрани, но и да ја спроведат целокупната постапка.

Мислам дека треба некаде во законот, во членот 18 каде вели дека членовите на Советот што ги избира Собранието на Република Македонија, тоа се пет члена, во Советот, двата члена ќе бидат предложени од Претседателот на Република Македонија, зборувам за членот 18, а трите члена кои ќе ги избира Собранието треба да се каже на чиј предлог. Мое мислење е дека тоа треба да биде на предлог на Комисијата за избори и именувања на Собранието. Комисијата за избори и именувања на Собранието треба да ги предлага до Собранието овие три члена, а двата члена за кои зборував ќе ги предлага Претседателот на Република Македонија тоа за овие пет члена тие ќе бидат од редот на универзитетските професори по право, адвокати и други истакнати правници. Значи, треба во членот 18 или на друго место да се стави дека членовите кои ги предлага Собранието да бидат предложени, овде не стои никаде, од Комисијата за избори и именувања при Собранието на Република Македонија.

На Комисијата и овде имаше дилеми околу конституирањето на Советот.

Во членот 21 е наведено дека конститутивната седница ќе се одржи во рок од 15 дена од изборот на мнозинството членови на Советот. Овде е сосема во ред и мислам дека така треба да остане. Дилемата за која што зборуваше колешката, не е тука, дали тие може да се конституираат, бидејќи можело да дојде до ситуација судиите да си изберат свои 8 членови, а Собранието останатите да не ги избере 5-те и дали би можел да работи Советот?

Сметам дека, доколку се изберат, ова што е во членот 21, став 1, дека ако има избрано мнозинство членови на Советот, Советот може полноважно да одлучува. Со тоа ќе направи, ако се изберат 8-те судии, ќе направи како и Собранието, односно Парламентот да мора да ги избере тие пет членови за да биде Советот во полн состав. Бидејќи по функција ќе бидат членови министерот за правда и претседателот на Врховниот суд, значи нема потреба да се наведува дали ќе бидат тие 8-те судии или кои, ако има мнозинство, може да одлучува.

Во членот 23, најбитниот и најглавниот член, надлежност и организација и начинот на работа на Советот, главната работа за која што и овде се дискутира и што беше интенција и заради што донесовме уставни амандмани, тоа е да Советот ги избира и разрешува судиите поротници, односно да ги избира и разрешува претседателите. Оваа работа што сега ја работиме во Парламентот, да Парламентот ги избира и разрешува судиите, веќе со донесувањето на овој закон тоа ќе го прави самостојно Советот.Тоа е извонредно добра работа и еден чекор напред.

Во однос на јавноста, не знам дали има можност, во членот 23 вели дека јавноста, седниците на Советот се јавни. Доколку може да биде јавна, да се снимаат тие седници, поголема контрола од граѓаните нема. На тој начин јавноста ќе биде запозната и ќе види како се избираат и разрешуваат судии во Република Македонија.

Сметам дека добра придобивка е околу начинот за избор на судии и со кое мнозинство се избираат судиите. Како што е дадено во членот 22, Советот избира судија на седница со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број на членови. Сметам дека на овој начин ќе бидат избрани правите и најквалитетни судии и тоа ќе биде придобивката што ја правиме и со уставните амандмани и со овие закони. Судиите ќе ги избира Советот ссо 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Мислам дека она што го зборуваше и колегата Ефтим Манев треба да се разработат малку повеќе , под кои услови и кои се основите за разрешување на судијата , која е таа потешка дисциплинска повреда , кое е тоа нестручно, несовесно работење. Тука мораме да имаме некои критериуми за да знаеме што е тоа нестручно, што е тоа несовесно, за да не се злоупотребува оваа формулација дадена во законот. Нестручно, несовесно работење, не вршење на судската функција или потешка дисциплинска повреда. Има во законот дадено некои одредби. Мислам дека Министерството за правда, доколку е можно треба да ги прецизира овие основи за разрешување на судијата во членот 43. И она што беше спорно сега и колешката што зборуваше околу Извештајот за работа.

Советот за својата работа поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија. Мислам дека тука треба да направиме две работи:

Првата работа, дали Собранието треба да биде над овој Совет или само да биде запознаено. Ако целта на законот е и Собранието да врши некоја контрола над овој Совет тогаш треба да се разгледуваат и да се усвојуваат овие извештаи. Ако е целта само да се запознава Собранието , тогаш треба да стои дека Собранието го разгледува извештајот за работа, годишниот извештај. Но што ако Собранието не го усвои? Тука беа тие дилеми, што ако Собранието не го усвои годишниот извештај за работа на Советот.

Имаше дилеми да се распушти советот. Моето мислење е сосема спротивно и сметам дека Собранието на Република Маќедонија доколку остане да ги разгледува и усвојува извештаите. Ако не се усвои извештајот за работа на Советот, Собранието би можело да ги разреши овие 5 судии кои ги избира. А мое личномислење е дека Собранието не може да ги разреши оние 8 судии кои ги избрале сами со тајно гласање судиите. Затоа сметам дека, доколку остане да Собранието го усвојува извештајот а ако не го усвои, тогаш дали би можел тој да ги разреши. Мое лично мислење, може да ги разреши тие кои ги избрал а не и 8-те други судии.

Тука се поставува дилената дали Советот не може, дали Советот нема да биде над сите односно да се затвори во еден круг, во кој што круг не би можел никој да му врши контрола. Но интенцијата е тоа да тој биде самостоен и независен и заради тоа сметам дека е во ред да Собранието го разгледува и усвојува извештајот. А ако не се усвои извештајот, тогаш Собранието треба да даде неко свои заклучоци и ставови за тоа што понатаму. А, ако дојде до разрешување, тогаш да ги разрешува само судиите кои што ги избрал, а не и останатите.

И на крајот она за што спорев и на Комисијата, дека првиот избор на членовите на Судскиот совет треба да го спроведе сегашниот Судски совет на Република Македонија и тоа во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон. Мослам дека тоа ќе го направиме и нема да има никаков проблем. И добро е што нема да се избираат сегашните судии кои имаат мандат неограничен.

Сметам дека потребата ќе биде донесена од сите пратеници и дека ќе донесеме квалитетен закон со кој што закон ќе направиме во Република

Македонија да имаме независно судство, судство кое што ќе ја извршува работата онака како што е утврдено во Уставот: независно, стручно, квалитетно и професионално.

Господине потпретседателе јас имам толку. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Витановски.

Има збор пратеникот Којзеклиска Марија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам господине потпретседателе.

И јас би сакала да се вклучам во дискусијата по Предлогот за донесување на закон за Судски совет на Република Македонија, со оглед на значењето што го има целиот пакет на закони.

Меѓутоа, јас морам на почеток, прво, да го искритикувам Министерството за правда во делот на доставувањето на овој пакет на закони од областа на судството, Предлог за донесување на закон за Судскиот совет, за судовите, за прекршоците и за управните спорови, со оглед на времето што ни беше достапно, а обемната материја што се уредува со овие 4 закони, не беше во ред на овој начин или, дури можам да кажам, на препад беа доставени овие материјали до нас, пратениците. Вака како што беа доставени е во ред. Меѓутоа, наметнувањето на потребата на оваа седница да бидат разгледувани токму овие предлози за донесување, на овие закони, не знам која е крајната интенција, кое време е што не брза толку да се инсистира на оваа седница да биде доставен овој пакет на закони?

Јас разбирам реформи во судството. Меѓутоа, ако сакаме да спроведеме квалитетни реформи во судството, морате да имате консензус прво и второ мора да ги прифатите сите забелешки што доаѓаат како за времето потребно за да можат пратениците да учествуваат во изготвувањето или да дадат свој квалитетен придонес по самиот текст на Предлогот на законот што би дошол во наредната фаза.

Друга забелешка што би дошла, кога генерално го гледам овој Предлог за донесување на закон за Судски совет, а верувајте, овој Предлог за донесување на закон не може да се гледа независно од Предлогот на закон за судови, што значи дека ќе треба определени одредби што тука постојат, а постојат и во законот за судови, така што во мојот понатамошен текст ќе искористам некои од тие одредби.

Генерално гледајќи го, како Закон за избор на пратеници, искрено да ви кажам, со овие кандидатски листи, со овие избирачки одбори, со овие легитимации и гласања, комисии, користени од изборното законодавство, оној дел за избор на судии кои ги избира самата судиска фела, понатаму конституирање на Советот или конституирање на Судскиот совет, мене ми личи на конституирање на Советот од Законот за локална самоуправа, имајќи предвид дека до конституирањето, согласно Законот за локална самоуправа претседава најстариот член и тука е истото законско решение предвидено.

До крајот, не знам уште од кој друг закон ќе најдам дека е вметнато во Предлогот за донесување на закон за Судски совет, а самото име ни кажува за која институција се работи во целокупниот правосуден систем.

Сега сакам да потсетам на едно нешто, за кое што говорев од почетокот, кога беше првата фаза од измените на Уставот а се однесуваа на судството.

Значи, реформите или двата клучни моменти на кои што треба да се потпира реформата во судството, како што е наведено во Стратегијата на Министерството за правда, е јакнење на независноста и зголемувае на ефикасноста. И тогаш укажував и сега укажувам, гледајќи го Предлогот за донесување, во делот на јакнење на независноста, јас сеуште си го поставувам прашањето до каде треба да оди таа независност?

Колегите, независно од опозиција или позиција, кои дискутираа по овој Предлог за донесување на закон укажуваа на контролниот механизам што треба да го има Судскиот совет. Иако ние им оставаме на Судскиот совет или на судската фела сами да си избираат мнозинство од вкупниот број 15 членови кои ги брои Советот, 8 од нив да се избираат, меѓутоа постои опасност од, сепак, кај нас е таа опасност присутна и не треба да бегаме од реалноста, опасност од можна корупција , идна и опасност од, колку и да сакаме ние да признаеме или не, опасност од некакво политичко влијание.

Тоа се двата дела на кои што сакам да укажам како еден од клучните елементи, а тоа е јакнењето на независноста на судството.

Е сега, зголемување на ефикасноста на судството, тоа е во најголемите забелешки што ни ги дава Европската Унија затоа што нас не смета, нашето судство го смета за неефикасно, корумпирано итн. Значи и овие закони, ние и Уставот го сменивме , за да можеме да добиеме ефикасно судство.

Е сега, јас си го поставувам прашањето, а треба да си го постави и Министерството за правда, значи тоа зголемување на ефикасноста, да ве потсетам дека донесовме неколку закони, клучни измени во закони, за кривична, за парнична постапка, во кои функционираат и досега функционирале, независно дали имало измени или не, меѓутоа праксата покажа дека измените се неопходни. Ги донесовме тие измени.

Втора работа, имавме и сега имаме судии. Не сме без судии во Република Македонија. Постојат и до ден денешен Републичкиот судски совет, иако е овластен со закон до конституирањето на Судскиот совет да ги врши надлежностите што му се определени со Уставниот закон, тој Судски совет сеуште предлага, денеска имавме избор на претседатели на судови, сеуште предлага судии, што значи дека ние судии имаме.

Сега, прашањето е, не е заради личноста на поединци, дали се работи за Слободан Најдовски или за Марија Којзеклиска, меѓутоа колку влијанието, колку политичкото влијание на сегашниве структури влијае врз нивната ефикасност во работата. Токму тоа е кочницата за која велиме дека кај нас судството е неефикасно.

Сега, Владата , преку Министерството за правда, се потруди со овој пакет на закони да го растовари притисокот што постоеше во основните судови со предлогот за виши судови, со управните спорови, растоварување на Врховниот суд итн, меѓутоа ќе видиме и кога ќе дојде и втората фаза, како практично сето тоа ќе профункционира и дали ќе ги постигнеме двата клучни ефекти: јакнење на независноста и зголемување на ефикасноста.

Во кнкретниов Предлог за донесување на закон, не сакам да се повторувам со претходниоте колеги, но ќе кажам нешто што тие не го посочија. Сите го посочувавме членот 8, меѓутоа во ставот 4 вели-Претседатекит на Советот, се нуску ба Судскиот совет, во отсуство го заменува замник. И, толку. Никаде до крајот на текстот немате за заменик на претседателот на Советот, освен во наредниот став, во кој што самиот претседател на Советот си го предлага својот замник, а го гласаат членовите на Судскиот совет. Има ли потреба од заменик, тоа е прашање и за многу други институции што поминаа како закони во претходните фази. Тоа беше случајот и со Академијата за обука на судии и обвинители. Споревме токму во делот дали има потреба за заменик на претседателот на Судскиот совет. Јас не ја гледам потребата за заменик на претседателот на Судскиот совет. Само колку да си имаме функција?! Јас сум заменик претседател на Советот?! Која е практичната негова примена доколку имаме состав од истата фела во тој Судски совет?

Убаво што во овој член 8 е децидно кажано дека претседател на Советот неможе да биде министерот за правда, неможе да биде избран. А, каде е претседателот на Врховниот суд? Зошто тој да не може да биде, исто како за министер за правда и тој да не може да биде избран? Да потсетам, во сите претходни дискусии не може претседателот на Врховниот суд да биде супермен и да биде секаде претседател. И на Буџетот и на Врховниот суд и веќе не знам на кои се институции е тој претседател. Ако веќе го тргаме министерот, да не може да биде избран, по која логика тогаш претседателот на Врховниот суд да може да биде претседател? Токму од причини што и тој некогаш ќе биде избран од тој исти Совет или ќе биде кандидат за судија и сега, тој, како претседател на Советот мислите дека нема да има влијание на останатите членови на Советот? Па ние тогаш се лажеме и самите себе си и граѓаните и судиите ги лажеме.

Министерството за правда треба да размисли во тој дел, да го смести претседателот на Врховниот суд на ниво на кое го сместил министерот за правда. Да ја делат судбината тие две клучни места.

За кандидатските листи не коментирам. Реков дека ме потсетуваат на Законот за избор на пратеници.

Она што го кажа колегата Јанаќе Витановски и беше посочено од Законодавно-правната комисија, надлежно работно тело како тело низ кое ќе поминат кандидатите што ќе ги избира Собранието на Република Македонија, треба да размисли Министерството во таа насока, затоа што тука не е наведено, како цело Собрание да треба да одлучува по предлогот за избор на судии што ги избира Собранието.

Да се фокусирам малку на конституирањето на Советот. Тоа е членот 21 став 2, конститутивна седнива или конститутивната седница ја свикува претседателот на претходниот Судски совет.

Ставот 1 вели дека се одржува во рок од 15 дена од изборот намнозинството членови на Советот. И јас имам забелешки токму на ваквата формулација. Ако се вратите малку во времето, на Републичкиот судски совет кој постои во сегашниот состав, можеби година и повеќе работеше со 5 членови и тоа е во ред, законски е основано.

Меѓутоа, прашањето е кредибилитетот на самиот судски совет, ако се знае дека на него лежи реформата и изборот на судиите, или предлогот на судиите во соодветните судови. Значи не станува збор дали е мнозинство, како мнозинство, туку станува збор за кредибилитетот на оваа институција Судски совет. Ако гласаат 8 луѓе, останатите неизбрани. И значи таквиот Судски совет може да си тера, да си тера, да си тера. Дали ќе има реакции тоа е прашање. Ние реагиравме, па Судскиот совет сметаше дека ние сме виновни, и како Собрание сме виновни за неизборот на останатите два члена. Меѓутоа и тогаш си функционираше беспрекорно, но ние сеуште имаме замерки на сите предлози кои доаѓаат од страна на актуелниот Републички судски совет и тоа во делот на нивната неусогласеност или не координација со претседателот на Врховниот суд, кој требаше и треба да даде мислење за определен избор на судии или за претседатели на судии. Ние денеска во овој предлог за претседатели на судии не видовме за ниеден судија дека има мислење од општата седница на Врховниот суд. Значи самиот Републички совет, судскиот колегиум од соодветните апелациони судови дале позитивно мислење за тој кандидат, ама од Врховниот суд никаде не видовме мислење за ниеден претседател на основен суд.

Ќе се задржам на одредбата на став 31. Онаа одредба која ја елаборираше и колешката Лалчевска. Значи, Советот избира судии на Основниот суд од листата на кандидати, доставена од Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Целокупно гледајќи ги сите оние закони и измени на Уставот кои ги донесовме, јас сметам дека со

овој Предлог на закон за Судски совет и во онаа фама која е создадена, колку стручни треба да бидат лицата кои треба да влезат во овој Судски совет од редот на судиите, од редот на универзитетските професори, на кој пиедестал ќе бидат ставени луѓето, паѓа во вода со оваа одредба. Ние всушност, или во постојниот правосуден систем, запаметете ми го зборот, главна улога ќе има Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Сите други институции ќе бидат само, како што се послужи колешката, аминувачи на ранг-листите кои доаѓаат од Академијата за обука на судии и на обвинители. Затоа што тој дава ранг-листа, ранг-листата може да биде од 3, може да биде и од 2, ама на таа ранг-листа може да има еден прв. Сега Советот, ако има 3 трангирани, ќе рече сигурно јас нема третиот да го изберам, ќе го изберам првиот, кој е прворангиран. Значи, целата реформа на судството во постојната корелација и со сите идни измени кои ќе дојдат од овој пакет на закони, паѓа во вода, ако се земе предвид дека Академијата има главен збор. Тука, кој ќе фати позиција, обезбедена му е иднината за низа години. Луѓето од Судскиот совет ќе мислам дека влијаат за изборот на судии, ама нема да биде така, бидете свесни. Верувајте, кога ќе почнат да работат и самите ќе видат колку е маргинализирана нивната функција.

Јас сакам да се задржам и на членот 45, колегите претходно ги посочија и на членот 44, утврдување на потешка дисциплинска повреда и утврдување на нестручно и несовесно вршење на судската функција. Морам, почитуван потпретседателе, да направам една споредба со идниот закон кој ни е на дневен ред, Законот за судовите. Таму, во членот 74 вели: потешка дисциплинска повреда, за која се поведува постапка за дисциплинска одговорност, се смета: потешка повреда на јавниот ред и мир, со која се нарушува угледот на судијата и угледот на судот, партиски политички активности за вршење на друга јавна функција или професија, која не е споива со вршењето на судска функција, предизвикување на потешко нарушување на односите во судот, кои значително влијаат врз вршењето на судската функција и потешка повреда на правото на странките и на другите учесници во постапката.

Значи во Законот за судови во членот 74, на некој начин е разработено во пет алинеи, што значи потешка дисциплинска повреда, врз основа на која со овој Предлог на закон Судскиот совет ќе поднесува предлог за разрешување на соодветен судија. Кога доаѓаме до утврдување на нестручно и несовесно вршење на судската функција, како и кај потешката повреда, се упатува на тоа дека начинот на спроведување и водење на постапката ќе биде уреден со Правилник. И со една реченица која вели: Советот со решение ќе разреши судија, поради нестручно и несовесно вршење на судската функција, кога во постапката врз основа на критериуми утврдени со закон, ќе констатира исполнување на условите.

Прашувам, во кој закон? Треба да е во Законот за судови. Во Законот за судови во членот 73 вели: уште пороста формулација од оваа во Судскиот совет. Нестручно и несовесно вршење на судска функција, е незадоволителна стручност на судијата, што влијае на квалитетот и ажурноста на работењето. Кој ќе ја утврдува таа незадоволителна стручност на судијата, со Правилник ли тоа ќе биде уредено од страна на Судскиот совет? Кога Судскиот совет вели дека ќе ги наруши критериумите утврдени со закон. Да прашам, во кој закон? Може и да се посочи, во Законот за судови. И да се знае еднаш за секогаш, што значи нестручно и несовесно работење. Дали тоа значи дека не ја исполнил квотата. Дали тоа значи дека предвреме си оди од работа и подоцна доаѓа на работа. Значи, некои критериуми мора да има. А не вака само општи формулации од правилник на закон, од закон на правилник и верувајте, ова е одлично поле за манипулација и за тенденциозно разрешување на судии, кога судијата отскокнува од утврдените норми. Во наводници утврдени норми. Значи, тоа се дилеми кои Министерството за правда мора да посвети посебно внимание, а одлучувањето по барање за притвор на судија, во членот 50, ставот 4, вели: постапката во која Советот одлучува за одземање на имунитетот на судија е итна, и се спроведува во рок од 3 дена од доставеното барање. Ако е итна, колеги, тогаш 3 дена мислам дека се многу. Ако е итна, треба да биде 48 часа, 24 часа. Се работи за имунитет на судија. Најверојатно, Судскиот совет ќе може за 48 часа да ги прибере сите неопходни податоци за да може да му го одземе имунитетот на судијата, или да не му го одземе. Мислам ова е вака несериозно. Велиме итна, ама за 3 дена. За 3 дена можам јас да умрам. Тогаш нема итност. Завршила итноста. Нема потреба од итност. Значи, генералните мои ставови уште еднаш накратко ќе ги повторам, или мојата загриженост дека Судскиот совет како тело ќе си стои и целата работа ќе биде завршен, значи уште еднаш да повторам во Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Добро е што е во прва фаза Предлогот за донесување на закон за Судски совет и сите овие идни закони кои доаѓаат и се надевам дека некои од овие укажувања и забелешки, Министерството за правда ќе ги прифати, со единствена цел да се постигнат двете најважни работи, а тоа е јакнење на независноста и зголемување на ефикасноста на судството. Впрочем, затоа и ги правиме овие реформи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Дали има некој за реплика од пријавените?

Следен за дискусија е пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе, значи денеска го имаме Предлогот за донесување закон за Судски совет во Република Македонија. Навистина, овој закон заслужува внимание. Јас да бидам искрен очекував поголема

заинтересираност и од колегите и од тука присутните. Се андевам дека можеби ќе испровоцирам и повеќе да се јават за дискусија.

Би сакал со дискусиите кои ги имаме како пратеници да укажеме дека овој закон е навистина, суштински закон кој е битен, затоа што џабе ни се оние уставни реформи и сите оние уставни амандмани кои ги донесовме, ако во овој текст на законот не ги внесеме оние одредби кои што треба да индицираат и упатуваат дека треба да имаме независно судство. Каде ќе го гледаме независното судство? Ќе го гледаме токму во постапката за избор, во постапката за разрешување и во органот кој што треба да ја прави таа постапка, а тоа е Судскиот совет.

Овој закон произлегува од уставните амандмани. Не може да оди подалеку од тоа што го кажал Уставот, кога зборуваме за персоналниот состав, за бројот на членовите на Судскиот совет, јасно е дека тука не можеме да даваме никакви нови одредби, а затоа пак можеме во се она другото што овдека се зборува да размислуваме и разгледуваме, дали се овие добри решенија, дали не се добри, дали можеме да ги подобриме, но како идеа, во секој случај вреди да се размислува. Значи, да одиме со ред. За составот на Советот нема што да се каже, тоа е уставна одредба, за мандатот исто така. Сега веќе кога зборуваме за претседател на Судскиот совет, мислам дека тоа прашање предизвика најголемо влијание при гласањето на уставните амандмани. Некој ќе каже со право, некој можеби премногу се исполитизира, но јас сметам дека е во право, кога навистина се крена да не речам, толкава прашина кој да претседава со Судскиот совет. Јас би ги потсетил колегите дека дури во уставните варијанти на уставните амандмани постоеше одредба со која што требаше да се одреди дури во Уставот да имаме категорија кој да биде претседател на Судскиот совет. Постоеше една варијанта тоа да биде претседателот на Врховниот суд. Ние како опозиција се спротивставивме и мислам дека е добро решение што отпадна од Уставот, но ќе кажам не е добро решение, што во членот 8 не се потенцира, односно не се кажува дека претседателот на Врховниот суд не треба и да претседава со Судскиот совет. Да не се сфати ова дека има некаква негативна конотација кон конкретна личност, или можеби кон функцијата Врховен суд, или претседател на Врховен суд. Според мене, можеби е дискутабилно дали воопшто треба претставник на Врховнио тсуд да има во Судскиот совет. Тоа го апсолвиравме во Уставот и во уставниот амандман, не би сакал сега да се осврнувам. Но, ако веќе категоризираме и кажуваме и во уставнио тамандман и овдека во Законот дека имаме членови кои што се бираат непосредно од страна на судиите, имаме членови кои што се бираат од страна на Собранието, тројцата членови дирекно од Собрание, двајцата по предлог на Претседателот на државата и имаме двајца членови по функција. Значи, веднаш сакам да разграничиме. Член по функција никогаш не може да има иста позиција како што ја има оној член кој што е биран. Еве разгледајте ги почитувани колеги, имате можност тоа да го видите во разни органи, дали се тоа управни одбори, дали се незнам какви други, каде што ќе видите дека одредени членови по функција, дури немаат право ни да гласаат. Имаат право да присуствуваат, да прават кворуми, мнозинство, но немаат право дури ни да гласаат. Земете го образованието, како сакате, има многу институции каде што кај членовите по функција е скратено правото на глас. Ако ние со овој закон сме допуштиле право членовите по функција, значи минситерот за правда и претседателот на Врховниот суд да имаат право да гласаат за избор и разрешување на судија, тогаш не можеме да му дадеме толкаво право на претседателот на Врховниот суд дури да биде и претседател на Судскиот совет. Тоа не само што е спојување, значи давање функција или врзување на функција во однос на една личност, значи заложба која треба да ја имаме сите, значи да не ги избираме функциите за една личност, како да нема други, туку треба да се ослободуваме од таквата навика. Има многу аргументи за кои ќе ви кажам дека е оправдано таквото становиште.

Значи, Судскиот совет ако се разгледаат овие надлежности, овие сите одредби, ќе видите дека главниот носител...

(Со седницата продолжува да претседава господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да бидат потивки.

**Жарко Караџоски:** Значи главниот носител на судската власт е токму, овој орган. Го издигнавме на уставна категорија и сега ако имате претставник од еден суд, за разлика од другите судови кои што сега ќе видием во натамошните закон, воведуваме и нови судии, немате ниту едне претставник на таква функција, како што е претседателот на Врховниот суд. И ако тоа право му го дваме да претседава, навистина, сме споиле две институции во една личност. И ќе се покрене праќањето како ние би го разрешиле претседателот на Врховниот суд, кој е член по функција, дури и претседава. И ред други работи за кои не би сакал да дискутираме. Значи, мојата заложба е во членот 8, покрај ставот 3, за претседател на Советот не, на, може, туку, не може да биде избран министерот за правда , да стои: "и претседателот на Врховен суд на Република Македонија". Со тоа сме кажале се, сме кажале јасно.

Ако ги бираме, понатаму како гледаме овде останатите судии од редот на таа фела, на начин како што овде сме кажале, по пат на избори од страна на самите судии, зошто тоа право да не му го дадеме од истите тие судии од кои ќе доаѓаат и од Врховен, и од Основен и од Апелационен, од сите судови на Република Македонија, зошто личноста да не ја избереме, да си ја изберат сами, да биде претседател на Судскиот совет.

Од друга страна, ако ги видиме ингиренциите на претседателот на Судскиот совет, кој што треба да претседава и оние другите работи кои што ги има, да го застапува Судскиот совет, да го претставува, а сепак, главнит еодлуки ќе ги носат повторно оние судии, кои што ќе бидат мнозинство во Судскиот совет, логично е од нив да потекне и првата функција. Мислам дека со тоа нема да се повреди ниту една институција, нема да се повреди ниту претседателот на Врховниот суд, како што нема да се повреди во својата суета и министерот за правда. Заради тоа треба да го разграничиме со една одредба, која јасно ќе каже тоа беа заложбите и во текот на уставните амандмани, која јасно ќе каже дека и претседателот на Врховниот суд не може да претседава, а со тоа сме го решиле проблемот. Верувајте и самите судии, ако можат искрено да прозборат ќе кажат дека ова е ист промашај.

Мора да се осврнам на начинот на избор на судии. Овој закон нуди една постапка, која постапка можеме да ја кажеме, просто избор на судии во рамките на Судскиот совет, нешто што нам како пратеници ни е многу познато. Ние често излегуваме на избори, со таа разлика што ние излегуваме на непсоредни, а тие излегуваат во рамките на судиите во судовите и т.н. Меѓутоа, ако веќе предлагачот се одлучил на потез по пат на оглас, како што е кажано, со јавен повик, или по пат на тој јавен повик некој да се кандидира, тогаш морате да ги запазите и сите оние процедури, кои што се утврдени во изборното законодавство. Можеби, нескромно се пресликани, но да се прилагодат на овој начин. Не можете во два члена да кажете како се црши изборот. Да кажете дека изборот го врши избирачки одбор, да кажете кој го именува избирачкиот одбор, да кажете дека гласањето се остварува на избирачко место, односно во сите судови и да кажете дека е избран оној кој добил најмногу гласови, или до колку нема нејмногу гласови, двајцата кандидати да одат на уште еден круг.

А да не кажете во предлогот, во кое времетраење се врши изборот, да не кажете кој ќе ги брои гласовите, да не се регулира постапката за неправилност во текот на гласањето. Што ако некој гласа за двајца, тројца или пет души. Може и тоа да се случи. Што мислите дека сте надвор од категоријата на другите граѓани кои прават нерегуларности? И таму имате доста кои можат да уфрлат за некои кандидати пет листи. Каде е улогата на оние кандидати, може да се појават кандидати, два, три, четири, пет од еден основен суд кои сакаат да бидат членови на Судски совет. Каде е нивната улога во вид на набљудувачи на регуларноста. Значи не можете да ги одбегнете таквите одредби затоа што генерално носите сомнеж. Вака како што е регулирано во членот 17, начинот на спроведување на избори, па и членот 15, апсолутно веднаш давате сомнеж. Јас ќе ви кажам дека со таквиот член да сум власт ќе ги наредам изборите да се суди во рамките на Судскиот совет. И уште ако, згора на тоа ги додадеме и завршните одредби каде комисиите и целата постапка во овој момент треба да ја решава односно спроведува Републичкиот судски совет, еве ви ја политичката конотација. Значи сакаме да оттргнеме еден орган кој ќе биде надвор од политичките влијанија, а даваме можност на орган кој директно е избран од политичкото влијание односно од парламентарното мнозинство, тоа е Републичкиот судски совет. Сега Републичкиот судски совет треба да ни формира една комисија, па уште една комисија и таа да ги спроведува изборите и непосредно или посредно да влијае на самиот процес и на гласање и на кандидатура и т.н. Значи тука треба да размислите, ако веќе сте се определиле на ваков начин да го проширите членот и со оние одредби кои веќе ги имаме во изборното законодавство.

Кога сме кај комисиите, во законот се спомнуваат две комисии. Едната комисија е комисијата која треба да ги подготви избирачките односно кандидатските листи. Втората комисија е комисија која треба да го спроведе изборот. Веднаш тука се отвора прашање, не ми е јасно. Вели "комисијата за подготвување на листите ги доставува листите до комисијата за избори". Не се кажува на кој начин ќе биде таа листа составена, дали по азбучен ред, дали по ред на пријавување, дали по некаков си приоритет, дали таа комисија рангирањето на кандидатите ќе ги постави од 1 до 10 или не знам колку, според некои критериуми, или така безвезе ќе ги напишам и кој го има тоа право да прави било каков приоритет. Ако тоа не е кај таа комисија, да се напише дека не е кај таа комисија.

Комисијата за избор, исто се кажува кој член, но не се кажува, тука не можам да видам одредба со која Комисијата за избор што заправо прави односно тие листи дали само ги презема по автоматизам од претходната комисија, дали ги става на одреден увид и врз основа на гласовите ги бира и определува што се случувало во самото гласање, за одлуката да ја донесе Судскиот совет, поточно комисијата за избор. Всушност таа ќе ја донесе. Тоа е кога зборувам за првиот избор на членовите на Судскиот совет, додека за повторни избори или за оставки и т.н., тоа веќе прашање кое е регулирано и не е проблематично.

Јас, почитувани претставници на Владата, ќе отворам едно прашање што сметам дека заслужува место да се размисли. Не знам колку сум во право, но оценете вие и почитуваните колеги.

Во времето кога се формираше Републичкиот судски совет како институција односно како посебен дел, институт во рамките на Уставот на Република Македонија со оние надлежности кои требаше да го направат посебен орган надвор од судството, имаше одредена цел што за жал во тој Устав не помина како таква, па создаваше дилема. Многу пати сме се соочиле со тоа, дали е тоа судски орган, дали е тоа посебен орган и т.н. Тоа беше една дилема.

Втората дилема беше начинот на изборот на судии. Се отвори едно прашање со кое во теоријата и во праксата се среќававме со, да не речам, многу чести дебати. Беше многу интересен изборот на судии. Да речеме за еден судија конкурираат 10 кандидати. Од тие 10 кандидати Републичкиот судски совет предлагаше на Собранието кое ги избираше судиите само еден кандидат. Значи постапката за критериуми, елиминација, вреднување, завршуваше во рамките на Републичкиот судски совет. Се доаѓаше со еден предлог, завршуваше во Собранието со тоа дали Собранието ќе го усвои или ќе го одбие. Можеби тогаш се отвораа дилеми и дебати во разни институции каде што се покажуваше прашањето, што со оние 9 судии кои што не поминале во таа постапка во рамките на Републичкиот судски совет, дали тие имаат право на жалба. Ако тргнеме по Уставот и ако го читаме Уставот каде што вели дека правото на жалба е гарантирано за секого, зошто тогаш судиите се издвоени?

Друга работа, дали останатите 9 кандидати кои не поминале во таа фаза имаат право да знаат врз основа на кои критериуми тој другиот кандидат поминал и врз основа на она дали е таа постапка регуларна, исправна и не знам каква. Значи прашањето е, дали може со жалба да се побива изборот во однос на критериуми, во однос на правилност и во однос на законитост. Тоа е едната работа, и втора, дали може да се покрене управен спор.

Јас да ви кажам дека праксата во другите земји, вклучително Хрватска и одредени земји во рамките на членството на Европската унија имаат такви одредби каде што во однос на процедурата, постапката затоа што секој може да биде незадоволен и на било кој начин изигран во рамките на таа процедура или како што еден секој работник при конкурирање на работно место има право да поднесе жалба до одреден орган, па и да покрене управен спор. Мислам дека Уставот им го гарантира тоа право и на судиите. Сега, ако до сега изборот беше политички, во рамките на Собранието, па големо фајде и немаше тој судија да тужи или да покрене управен спор затоа што не знае кого да го тужи, дали Собранието на Република Македонија или Републичкиот судски совет, навистина дилема. Сега таа дилема е расчистена. Немаме повеќе политичко влијание, немаме избор од страна на Собранието на Република Македонија. Имаме избор во рамките на Судскиот совет. Но сега повторно ќе се отвори прашањето каде се критериумите, не ги видов овде во Законот, генерално видов критериуми кои при разрешувањето на судијата, особено за делот на нестручно и несовесно работење, ќе бидат уредени со посебен закон. Зошто да немаме критериуми и во овој закон за избор на судија, за да можеме и да им дадеме право на сите оние кандидати кои во рамките на таквиот орган нема да бидат избрани, да можат да го покренат тоа право по пат на жалба, или по пат на тужба односно управен спор. До кој орган ќе го адресираме односно ќе ја адресираме тужбата, може да биде Врховен суд, може да биде Уставен суд, можеме да размислуваме на таа тема, но мислам дека тоа право не треба да им го скратуваме на судиите, ако навистина сакаме на изборот на судии да дадеме една конотација, да бидеме свесни дека овој орган кој треба да ја преземе улогата во рамките на еден политички орган, навистина ќе си ја работи работата одговорно. Кога самите судии внатре ќе го имаат правото на жалба и на разгледување на критериумите, тогаш навистина процедурата ќе биде потранспарентна.

Се отвора една друга дилема. Начин на работа на Судскиот совет. Овде е пишано дека Судскиот совет работи во состав од 15 судии, дека може да работи со просто мнозинство, во смисла на тоа да бидат повеќе од половина присутни, одлучува, повторно ќе кажам со просто мнозинство и т.н. Но, дали не е добро да се размисли, работата на Судскиот совет сега во оваа нова улога да биде јавна, да имаат можност и директно заинтересираните кандидати, но и граѓаните на Република Македонија да ја следат транспарентно работата на Судскиот совет, во смисла да се види како се носат одлуките, како се разгледуваат критериумите и т.н., за да не остане дел на тајна. Но, има една разлика затоа што до сега предлогот доаѓаше до Републичкиот судски совет и не беше битно дали работат јавно или не затоа што јавноста граѓаните ја гледаат овде во Собранието, по пат на директно пренесување на седници и тука граѓаните гледаа кога за некого гласаме позитивно, а некого не гласаме. Тука не гледа народот дали сме политички инструирани, или гледаме по стручност. Заради тоа што народот не гледаше, но не гледаше и некој друг од надвор, ни укажа дека ни требаат реформи односно дека ние судиите ги бираме на сосема подруг начин, не како што треба, според мене. Значи треба транспарентност и јавност. Размислете како предлагачи, мислам дека тоа не е лоша одредба.

Членот 23 во Законот каде зборува за надлежноста на организацијата односно надлежноста на Судскиот совет. Тука имам една дилема и мислам дека ќе се согласите со оваа моја дилема затоа што сум ја дискутирал и сум се консултирал и со повеќе колеги и луѓе кои работат на таа проблематика.

Значи во член 23 став 1 алинеа 12 која вели "Судскиот совет е надлежен да го утврдува бројот на потребните судски места по судовите".

Да бидам искрен, кога го читав овој предлог и кога го читав Законот за судовите се чудев зошто нема потребен број на судии во рамките на Основните судови, во рамките на Вишите судови и т.н. Дали тоа е пропуштено или е намерно ставено. Сега кога повнимателно ги разгледав сите членови, видов дека целата улога сега преминува на Судскиот совет. Преминува на Судскиот совет со тоа што тој треба да дефинира односно да утврди, да одлучи кој суд колку судии треба да има, почнувајќи од Основните па завршувајќи со

Врховниот суд. Сега ние како пратеници, носејќи го овој Закон, генерално не знаеме колку на Република Македонија во овој момент ќе и бидат потребни судии, вклучувајќи го и оној другиот предлог на Закон за судови каде ја зголемувате судската надлежност во рамки на други судови. Тоа е првото прашање.

Второ, дали Судскиот совет е компетентен да утврдува број на извршители односно судии кога знае дека е врзан со еден Буџет кој Буџет се уште го носи Собранието на Република Македонија и да не речам, иако велиме дека имаме независен буџет во судството, далеку од независен, кога Министерството за финансии вака или онака и одредува одредени средства на таа институција односно на судската власт, па таа судска власт може да дава само мислење, што не значи дека ќе биде прифатено. Еве да претпоставиме, што ни се случи оваа година. Претседателот на Врховниот суд изнесе мислење дека на судовите им се потребни толку и толку стручни соработници. Владата одговори дека нема пари толку да плати. Според тоа, и до ден денес таквите, не само стручни соработници, туку и судии не беа пополнети. Но најочигледно беше кај стручните соработници. Значи сега, му даваме можност на Судскиот совет да утврдува број на судии, а од друга страна повторно Владата и Парламентот, преку Буџетот може да каже немаме толку пари и ние не знаеме точна бројка колку судии ни се потребни. Мое мислење е дека и досегашното решение, како што е сега, треба да остане во рамките на Владата, Владата да биде таа што ќе го утврдува бројот на судиите, во рамките на секоја институција, почнувајќи од Основен суд па натаму, на мислење на Судскиот совет, мислам Владата како предлагач, Собранието кога го дефинира Буџетот, за да не ја префрламе одговорноста бидејќи може да се случи Судскиот совет ќе ја убедува Владата, Владата нема кого. Ние мораме да имаме точна бројка на судии. Во овој момент и мислам тоа не е спорно, треба да се утврди, да не ни се случи како сега за тутунот, некој вети, па друг вели нема пари, најди си ти пари и т.н. Таква работа не треба да се случува. Треба да имаме јасна позиција. Кога носиме закон мораме да знеме со колкав капацитет на судии располагаме. Тоа е едната проблематика.

Втората проблематика, ќе се отвори прашањето кога ќе дојде законот за судови. Зголемуваме, разбирам зошто, но се отвора прашањето колку финансиски средства ќе бидат потребни, дали овој Буџет тоа може да го издржи. Мораме и тоа да го отвориме. Не можеме да го ставиме само во една одредба и да кажеме дека за тоа ќе одлучува Судскиот совет. Му даваме една голема тежина, му даваме една надлежност која ќе го преокупира со работа, наместо она што треба да биде основна работа на Судскиот совет, а тоа е да ја следи работата на судиите, по пат на избори и разрешување. Ова е моја дилема, а не е само моја, верувајте, сум се консултирал и со други и кај нив постои таа дилема и поголем дел од нив се да остане она старо решение, во законот за судови да имаме јасна одредба кој колку треба да има извршители, вклучувајќи судии, стручни соработници и т.н., да не ни се случи да си шетаме по институции.

Кај член 33 став 2, не знам зошто се воведува Бадинтерово мнозинство за избор на судии во Врховен суд. Наспроти се што значи квалитет, наспроти се што во овој закон е внесено дека треба да се води сметка за пропорционална и правична застапеност и т.н., сега одеднаш само во Врховниот суд се става одредба каде, кога Советот избира судија на Врховен суд одлучува со мнозинство гласови од присутните, но мора да има и Бадинтерово мнозинство. Тоа го дискустиравме во уставните амандмани, влегоа некои одредби за сметка на некаков компромис. Меѓутоа, повторно на мала врата се става нешто на кое не му е местото тука, навистина не му е местото тука. Што се плашат колегите од етничките заедници. Судскиот совет односно судија на Врховен суд треба да биде пред се стручен. Никој нема да го запре некој ако е стручен и ако е компетентен, да биде судија во Врховен суд. Самите судии одлучуваат. Самите судии во рамките на Судскиот совет ќе бидат во мешан состав. Кој може да му запре на некого, еве ако е стручен, заради тоа што е Албанец или не знам што, нема да биде избран. Нон-сенс. Навистина нема потреба да стои таква одредба. Со ова го кочи аргументот дека оваа институција треба да има стручни кадри. Тоа е мое мислење. Не мора да се согласите, но мислам дека со премногу оптеретување на одредби, заради тоа некакво Бадинтерово мнозинство да го внесуваме и таму каде што не му е местото, навистина нема смисла. Ако тоа беше интенција во Уставот, ако тоа беше интенција во законите, сега да го внесеме и во гласањето во судските органи, навистина отидовме предалеку. Нема да ме чуди ако во некој закон дека и пресудите ќе се носат со Бадинтерово мнозинство. Не господине Јашари, не е ни далеку од вистината. Замислете, за да ги заштитиме етничките заедници да имате совет на судии од 5 души кои мора, кога треба да донесат одлука правосилна или било каква, да гласаат со Бадинтерово мнозинство, за да не осудиме некој Албанец, не дај Боже, а не е крив. Тоа имавме често прилика да гледаме како "невини" ги осудуваме по судовите. За греота.

Кај членот 45, критериумите каде што се зборува за постапка за разрешување, несовесно, кажавме и претходно. Згодно беше критериумите да ги видиме и во овој Закон, но ако се одлучите во посебен, навистина во посебен. И таа одредба навистина треба да има посебно место.

Тоа каде што упатувате во овие одредби дека треба нешто со правилник да се уреди, јас би ве советувал уредете го со закон. Многу подобро е тоа што може со закон да се уреди, да не се дава место за толкување според разни правилници.

И уште една забелешка, генерално ја кажав расправата, сега ќе ја повторам.

Членот 56, во преоди и завршни одредби, според мене, првиот избор на членови на Судскиот совет во Република Македонија не треба да го спроведе Републичкиот судски совет. Кажав зошто. Треба ли да ве потсетувам дека имавме еден Републички судски совет кој беше избран од претходното мнозинство, па кога дојде ова мнозинство го разреши овој Републички судски совет, па си постави свој Републички судски совет. Треба ли да ви кажувам кои се тие членови таму, како се избрани и т.н. Не треба. Се е јасно. Јасно е дека ги гласало парламентарното мнозинство, јасно е дека преку нив парламентарното мнозинство односно власта може да дејствува и во рамките на она што значи избор на Судскиот совет, како независен орган. Не можете на политички орган да му дадете улога да избере независен кандидат. Сомнеж од самиот старт. Прифатливо решение би било да формираме една комисија, едно неутрално тело. Нека се формира од Собранието, со двотретинско мнозинство, ако сакаат колегите и со Бадинтерово мнозинство, Меѓутоа, да направиме еден орган кој навистина ќе формира независен суд, а не да му даваме политичка конотација.

Републичкиот судски совет брои седум члена, а секаде треба да има членови, четири во една комисија, четири во друга комисија и тн. што значи целиот Републички судски совет ќе ни биде вклучен во изборната процедура на еден начин, а преку Републичкиот судски совет, да не кажам и парламентарното мнозинство и верувајте дека нема да дојдеме до она што ни е крајна цел. Можеби ќе дојдеме, но зошто да даваме сомнеж и зошто да речеме, како што сега ние влиме како опозиција, тој е политички орган, тој си ги нареди изборите вака како што ни се членовите има простор за тоа и затоа мислам дека за тоа треба да се размисли. Еве, почитуван претседателе, гледав да биде до 30 минути, успеав нешто пократко и со тоа ја завршувам дискусијата. Јас ќе кажам, ќе го поддржам овој закон само со тоа да се даде можност да се оди во наредна фаза, а се надевам дека предлагачот ќе ги земе предвид сите мои укажувања и на колегите и ќе дојдеме до подобар текст. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали има некој реплика? (Нема).

Госпоѓо Иванова вие се јавивте за збор или за реплика?

**Цветанка Иванова:** За реплика.

**Љупчо Јордановски:** Господине Јашари имате реплика од три минути.

**Аднан Јашари:** Иако колегата Караџоски ја напушти салава и покрај тоа на еден начин како што ме провоцира, задолжен сум во оваа насока да му реплицирам или да дадам краток одговор. Не е вистина тоа што го кажа господинот Караџоски, бидејќи и покрај тоа јас дојдов до констатација од неговата дискусија дека меѓу Албанците нема добри професионалци, стручњаци кои ќе можат да ја вршат чесно и професионално функцијата на судија.

Ова го велам бидејќи, почитуван колега Караџоски, сигурно ги знаете податоците дека податоците на застапеноста на Албанците во Судскиот совет говорат дека само 7% од Албанците се присутни во судскиот систем и ова влијаеше кај нас да побараме на сите нивоа на судската власт да биде и начелото на Бадинтер.

Уште еднаш ќе повторам дека не е вистина меѓу албанските судии нема добри стручњаци. Но, во оваа насока за застапеноста на Албанците има многу други околности за кои не би сакал да говорам на оваа седница. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, повелете, имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Ќе се обидам и јас колку што можам најкратко да дадам едно наше видување на предложениот закон за Судскиот совет. На самиот почеток сакам да напомнам дека во фазите кога се носеа уставните амандмани и во првата и во втората фаза и во текот на последната фаза ВМРО-ДПМНЕ даде поддршка на потребата од носење на уставните амандмани само заради фактот ш0то сакавме да има поинаква поставеност на Републичкиот судски совет тогашен, а сега Судскиот совет, со кој што ќе се овозможи независност во работењето на судството, посебно при изборот на судиите и сите постапки врзани со тоа. Од тие причини дадовме и во првата и во втората фаза согласност за да на крајот уставните амандмани беа донесени со многу забелешки од наша страна и заради тоа не гласавме за нив.

Посебно важно овде е да напоменам дека не сме убедени за составот кој што се предложи и кој што стана составен дел на Уставот на Република Македонија со амандманите, составот на Судскиот совет ќе овозможи независност во работата на судството. Овде посебно ќе го спомнам фактот што имаме седум членови на Судскиот совет од кои пет ги избира парламентарното мнозинство, шестиот е министерот за правда и седмиот е претседателот на Врховниот суд, наспрема осумте судии кои ги бираат судиите. Цениме дека овој сооднос не обезбедува незавиност на судството и дека повторно извршната власт има огромно влијание во Судскиот совет. Меѓутоа, тоа веќе е уставна одредба и треба да се почитува резултатите од тоа какви ќе бидат, тоа дополнително ќе го видиме. Во овој момент наша заложба ќе биде да укажеме на некои забелешки кои што ги имаме на законот кој што денес е предмет на наш интерес, се со цел да се подобри законскиот текст и да се постигне целта која што јавно се декларира од сите пратеници.

Најпрво, ќе спомнам дека заложба при носењето на уставните амандмани беше изрично да стои во уставните амандмани дека претседателот на Врховниот суд не може да биде и претседател на Судскиот совет. Тоа не беше прифатено и еве сега повторно со членот 8 се остава можноста

претседателот на Врховниот суд повторно да може да биде претседател на Судскиот совет. И наместо да стои одредба со која што претседателот ќе го бираат судиите, значи од редот на судиите да биде биран, овде имаме одредба, член со кој што воопшто ништо не се спомнува за тоа дека претседателот на Врховниот суд не смее да кумулира повеќе функции, да не зборуваме за можноста од влијание односно несомнено е влијанието кое што тој ќе го има врз другите судии во Судскиот совет. Тоа ќе се направи прво при неговиот избор, бидејќи при реизбор или повторен избор на претседателот на Врховниот суд, истите тие судии кои што се негови колеги, тие членови на Судскиот совет треба да го бираат него, тој да се изземе од оваа постапка, меѓутоа, сепак останува можноста за влијание. Од друга страна, можноста за влијание повторно врз сите други судии, заради тоа што тој во хиерархијата на судството е највисоко поставен и од мислењето на Врховниот суд, понатаму зависи и повторниот избор, односно мислењето за работата на судиите.

Од тие причини сметам дека повторно треба да се размисли во наредната фаза да не се остави можност претседателот на Врховниот суд да може да биде избран за претседател и на Судскиот совет. Овде не треба да потсетувам која е неговата улога и во Академијата за обука на судии. Мислам дека физички не е возможно да се извршат сите овие обврски. Доколку гледаме реално воопшто не треба да се остави никаква дилема по однос на ова прашање.

Исто така, во член 8 е кажано дека претседател на Советот во отсуство негово го заменува негов заменик. Меѓутоа и овде не е кажано дека треба да стои одредба со која што ќе се каже дека министерот за правда не може да биде заменик на претседателот на Судскиот совет и овде треба да се надополни овој законски текст.

Понатаму, членот 11, во овој член се дадени условите кои што треба да ги исполни член на Советот од редот на судиите. Алинеја 1 на ставот 1 вели да не е дисциплински кажуван во последните три години и алинеја 2 да има потврдени резултати во вршењето на судиската функција, со што придонесува за подигање на угледот и довербата на судиите и судството. Кој е тој што ги цени тие потврдени резултати и врз основа на кои критериуми ќе се утврдат кои се тие потврдени резултати, мислам дека тука неопходно е потребно јасно да се прецизира дали тоа ќе бидат извештаите кои што ги доставуваат судиите за нивната работа, месечните, годишните или други критериуми, треба тука јасно да биде кажано кои ќе бидат тие критериуми, за да не може да имаме понатаму злоупотреби.

Во однос на кандидатурата која што е уредена со членот 12 во ставот 2 се вели дека кон пријавата кандидатите треба да доставаат, покрај другото и податоци за потврдени резултати во работењето за последните три години, издадени од претседателот на судот. Тоа е во корелација со тоа што пред малку го зборував за членот 11, за јасно утврдување на критериуми врз основа на кои ќе се цени резултатот и тоа потврден резултат во работењето во последните три години. Но, овде јасно е кажано дека потврда за резултатот во работењето за последните три години издава претседателот на судот. Да потсетам дека претседателот на судот во исто време е и судија, значи колега на оние судии кои сакаат да се кандидираат. Можеби и тој ќе биде во исто време кандидат. Сега, овде имаме судир на интереси. Претседателот на судот како кандидат и другиот негов колега кој што е судија, исто така и кој е кандидат, може да биде девалвиран односно да го девалвира сопствениот колега или да не му даде вистинска слика за неговото работење, со цел тој да биде избран. Тука треба многу сериозно да се размисли, бидејќи има вистински судир на итнереси дали претседателот на судот е тој што треба да дава податоци за потврдени резултати во работењето за последните три години или треба да се изнајде некој сосема друг начин. Според извештаите, како што спомнав пред малку, месечните и годишните извештаи да се видат и врз основа на тоа да се цени резултатот на работата на судијата кој сака да се кандидира.

Понатаму, ќе се осврнам на членот 18 и членот 19. Членот 18 зборува дека членовите на Советот ги избира Собранието на Република Македонија. Исто така, кажано е дека членовите на Советот што ги избира Собранието на Република Македонија, како и членовите што ги избира Собранието на Република Македонија по предлог на претседателот, се од редот на универзитетски професори по право, адвокати и други истакнати правници. Понатаму во член 19 се зборува дека на истата таа седница на предлог на Собранието на Република Македонија и на претседателот се избираат членовите на Советот, меѓутоа, никаде не е кажано која е постапката за селекција на кандидатите. Секако, ќе се јават огромен број на кандидати. Дали претходно некое тело ќе гледа кои кандидати и кои услови ги исполнуваат и кој е најдобриот од нив, па да биде предложено на Собранието за да гласа или пак сите кандидати ќе бидат препратени овде до Собранието. Јас ценам дека треба да има некое тело или некоја комисија која што можеби надлежното собраниско тело да се вклучи во селекцијата на кандидатите или предлагањето на кандидати кои ги исполнуваат условите или кои се најдобри, за да можат да бидат изгласани од страна на Собранието на Република Македонија. Значи, овде немаме прецизирање на законскиот текст, за да нема забуна.

Понатаму, членот 22 точка 3 говори за престанок на мандатот на член на Советот. И покрај другите услови е наведено дека со исполнувањето на условите за старосна пензија согласно со закон му престанува мандатот на член на Советот. Сметаме дека тоа треба да се брише, зашто мандатот на член на Судскиот совет не може да биде поврзан со исполнување на условите за старосна пензија.

Понатаму,членот 31, односно членот 25 во однос на јавноста во работата и со каква одлука, со какво мнозинство се исклучува јавноста, мислам дека веќе беше спомнато од колегите и не би сакала да должам. Повеќе ќе се задржам на членот 31 кој што навистина е проблематичен, а се однесува на изборот на судија на Основен суд.Членот 31 гласи: "Советот избира судија на Основен суд од листата на кандидати доставена од Академијата за обука на судии и јавни обвинители". Значи однапред се гледа дека се елиминираат сите други критериуми за избор на еден судија, бидејќи Советот е должен да избере судија предложен од Академијата за обука на судии јавни обвинители, што ќе се согласите тоа се коси со Уставот на Република Македонија кој што не предвидува вакви ограничувања, но во исто време оваа одредба, како што е кажана дека Советот избира судија е во колизија и со Законот за Академија за обука на судии, можеби не е директно во колизија, но едноставно суштината на постоењето на Судскиот совет во тој дел во изборот на судиите се губи. Тоа е така, бидејќи од Академијата за обука на судии се добива една ранг листа. Кога дискутиравме за овој Закон за Академија за обука на судии, кажавме дека оваа Академија ја презема надлежноста во тој дел на Судскиот совет. Меѓутоа, не беше послушана нашата дискусија и си остана тоа дека Академијата за обука на судии со членот 40 став 2, каде што се зборува дека врз основа на збирот од постигнатите резултати за секој од критериумите кои што се дадени во овој член, се утврдува ранг листа на кандидат. Сега, ранг листата најмногу можеби до тројца кандидати, можеби и двајца и од оваа ранг листа првиот кој што Академијата за обука на судии, првиот кандидат за кој што Академијата утврдила дека е најдобар и тој е најгоре на ранг листата, фактички тој ќе биде потврден. Овде зборуваме за потврдување на кандидати кои ги дава Академијата за обука на судии, а не за избор на кандидати. Значи, ако е така, а така и ќе биде, бидејќи се добива ранг листа, не знам колку држи овде да стои дека Советот избира судија на Основен суд. Понатаму, не се кажува со какво мнозинство се избира тој судија. Таа е доста спорна одредба и ги прави несериозни сите други одредби од предложениот закон, кои зборуваат за некаков објективен избор на судии и потоа се распишува оглас за избор на судии на кој што треба да се пријават кандидати, а едноставно не можат да се пријават кандидати, бидејќи најмногу двајца и преку сила тројца кандидати можат да се најдат на ранг листата од Академијата за обука на судии. Бидејќи при носењето на Законот за Академија за обука на судии беше кажано дека не може да се обучуваат повеќе кандидати, затоа што државата нема пари, а таа го финансира тоа. Селекцијата на сите кандидати, фактички ја прави Академијата за обука на судии. И не гледам зошто да се распишува оглас за избор на судии кога веќе е лимитиран Судскиот совет за избор и нема кој да се пријави, бидејќи условот е да има уверение од Академијата за обука на судии.

Понатаму, членот 33 и членот 34, членот 33 зборува дека кога Советот избира судија во суд кој се наоѓа на подрачје каде 20% од граѓаните зборуваат друг јазик различен од македонскиот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои не се мнозинство во Република Македонија. Значи, Бадентеровиот принцип при изборот на судија во овие судови е ставен и исто така Бадентеровиот принцип е ставен при избор на судија на Врховен суд и при избор, во членот 34, на претседател на суд во општините каде над 20% од граѓаните зборуваат друг јазик различен од македонскиот.

Значи, тоа се одредби со кои се воведува во одлучувањето на судскиот совет Бадинтеровиот принцип. Да потсетам, уставните амандмани кои пред неполни два месеци ги донесе ова Собранието, посебно амандманот 29 кој се однесува на работата на Судскиот совет никаде не зборува дека претседателите на судовите, судиите во тие судови во општините на чие подрачје над 20% од граѓаните зборуваат друг јазик и судиите на Врховниот суд дека треба да се бираат со Бадинтерово мнозинство.

Овде во ставот 2 од амандманот 29 стои обврска за сите нас дека при изборот на судиите, судиите поротници и претседателите на судовите ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Тоа е исполнето со самиот состав на Судскиот совет и претставниците на заедниците се вклучени во работата на судскиот совет. Не гледам зошто да се проширува, да се оди надвор од уставните амандмани пред се заради тоа што критериумот за стручност треба да биде над се и мислам дека внесувањето на Бадинтеровиот принцип може само да го усложни работењето на Судскиот совет, а друго е што со уставните амандмани не е предвидено вакво решение. Ценам дека треба да биде почитуван и од парламентарното мнозинство и од сите кои гласаа за овие уставни амандмани она што го изгласаа пред неполни два месеци.

Понатаму, членот 43 од Законот зборува за основите за разрешување на судиите и се вели дека поради сторена потешка дисциплинска повреда пропишана со закон, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција утврдена со закон ќе биде разрешен судијата, меѓутоа, никаде не се кажани критериумите кои ќе утврдат што е тоа потешка дисциплинска повреда, што е тоа нестручно и несовесно вршење на судската функција и овде треба прецизно да се дефинираат сите овие критериуми, да се дадат јасно врз основа на кои ќе се констатира потешка дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на судиската функција се со цел да не биде злоупотребувана оваа одредба која може да се користи како основ за разрешување на судија.

Истото е и со утврдување на потешка дисциплинска повреда со утврдување на

нестручно и несовесно вршење на судската функција, подолу членот 45.

Уште една забелешка во однос на овие членови е тоа што не се обезбедува можност за жалба против првостепената одлука, значи против одлуката на Судскот совет, ако некој судија биде разрешен заради нестручност или му биде изречена односно утврдена потешка дисциплинска повреда и негово нестручно и несовесно вршење на судиската функција треба како на сите граѓани и на судиите да им биде овозможено право на жалба, жалба до второстепен орган. Овде нема никаква можност за жалба против ваквата првостепена одлука и тоа е диреkно спротивно како на Уставот на Република Македонија член 15 така и на сите меѓународни документи за судството и на Европската конвенција во оваа област.

Понатаму во членот 51 во Годишниот извештај кој го дава советот за својата работа содржани се податоци, меѓу другото, и за бројот на именуваните и разрешените судии и судии поротници. Тоа е спротивно на членот 36 каде е кажано дека Советот избира, а не именува судии. Овде треба да настане усогласување на законскиот текст.

Понатаму, членот 56 - Преодни и завршни одредби на Законот зборуваат за тоа дека Републичкиот судски совет за кој сите се согласивме дека го партизира судството во Република Македонија тоа е тој што треба да продолжи со својата работа до конституирање на Судскиот совет и тој да ги спроведе сите постапки за да може да се формира новото независно тело - Судскиот совет на Република Македонија. Ќе се согласите, ако општа констатација е дека Републичкиот судски совет е партизиран, тогаш како едно партизирано тело ќе спроведе постапка со која ќе се направи едно независно судско тело кое треба да создаде основи за независно функционирање на судството во Република Македонија.

Оттаму треба да се размисли за формирање на посебно тело кое ќе биде можеби составено, има различни можности, меѓутоа, можноста која пред малку беше искажана со 2/3 мнозинство бирање на посебно тело кое ќе ги спроведе сите активности за конституирање на новиот судски совет.

Тоа се начелон нашите забелешки, да се надеваме дека во наредната фаза предлагачот ќе ги земе во предвид.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Витановски имате реплика?

И онака господинот Чедомир Краљевски нема доволно време за дискусија, повелете господине Витановски да го потрошиме ова време што ни остана до 18,00 часот за реплики.

Повелете три минути.

**Јанаќе Витановски:** Не како реплика, туку ова што го зборуваше сега колешката Силвана Бонева, мислам дека тоа беше нивното барање претседателот на Врховниот суд да не биде претседател на Советот. Зошто во членот 8 од Законот да им диктираме на тој совет кој ќе биде претседател, кој нема да биде претседател. Мислам дека е најдемократско право ова што е веќе во членот 8 претседателот на Советот да се избира од редот на членовите на Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови со тајно гласање.

Од каде знаеме или да прејудицираме дека ќе биде токму претседателот на Врховниот суд. Оваа одредба е во ред дека не треба во закон да кажуваме. Ако е така тогаш треба да направиме некоја друга алинеја па да кажеме кој ќе биде или да кажеме дека претседател ќе биде само судија.

Во овој состав од 15 члена имаме академици, имаме правници, имаме универзитетски професори може некој од тие да биде претседател, ние не знаеме кој ќе биде, најдемократско право е независно тело како совет е ова тело и затоа ние бараме да биде независно. Ако ние кажеме дека тој не може да биде, овој не може да биде, веќе им сугерираме кој да биде претседател. Сметам дека е најдемократско право да се остави вака во законот тие сами да си изберат кој ќе биде претседател. Ако изрично кажеме кој да не биде, тогаш треба да ги наброиме сите, па да речеме од тие да останат или да бидат. Мислам дека тоа не држи за кое се залагаат тие.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега вие мислите дека не држи барањето да биде изрично кажано во законот дека претседателот на Врховниот суд не може да биде претседател на Судскиот совет, меѓутоа, јас мислам дека треба да биде јасно кажано, бидејќи веќе имаме за еден член во Судскиот совет, член по функција, а тоа е министерот за правда, изрично кажано во ставот 3 дека за претседател на Советот не може да биде избран министерот за правда, ако не сакаме да биде наведено дека претседателот на Врховниот суд не може, тогаш може да се каже членовите по функција не можат да бидат претседатели на Судскиот совет.

**Љупчо Јордановски:** Со една разлика што министерот не е судија.

Благодарам, тука ја прекинувам седницата, ќе ја продолжиме во петок во 11,00 часот, а утре во 11,00 часот имаме нова седница со поставување пратенички прашања.

(Седницата прекина со работа во 17,51 часот).